

Локални избори 2013

# КАНДИДАТ: КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ

# ПЕРИОД: 2009-2013

# ОПШТИНА: ГРАД СКОПЈЕ

## РЕЗУЛТАТИ:




## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ:

Градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски, во својата изборна програма за периодот 2009-2013 година, има ветено 201 проекти, од кои 17 се оценети. За неоценетите ветувања не успеавме да најдеме информации и се уште чекаме одговор од одговорната општина. Статистиката на исполнетост на оценетите ветувања е следната: 33% исполнето, 30% неисполнето, 24% делумно исполнето, 10% неконкретно и 3% недоследно.

*Оценето од: Дејан Димитриевски и Наталија Пешиќ*

# I. СОЗДАВАЊЕ ИНВЕСТИЦИСКИ АМБИЕНТ

## 1. Проект: Економски развиен град

*РОК: КОНТИНУИРАНО*

**Опис на проектот:**

Наспроти државата, и градот има обврска да го поттикнува и да го зајакнува локалниот економски развој. Оттаму, идната градска администрација предводена од ВМРО-ДПМНЕ во соработка со Владата на Република Македонија натамошно ќе се заложува за:
- поттикнување на меѓуграничната соработка на градовите;
- подобрување на квалитетот на човечките ресурси во градот, кои ќе бидат способни да одговорат на современите економски предизвици во функција на привлекување на инвеститорите;
- ефикасно искористување на локалните ресурси;
- континуирана поддршка на малите и средните компании со седиште во градот;
- создавање правна рамка за основање техничко-технолошки индустриски зони;
- меѓународна промоција на градското стопанство.

**Образложение:**

Начинот на кој е поставено ветувањето објективно не остава можност правилно да се истражи дали ова ветување е исполнето или не. Не постојат мерливи показатели кои би помогнале во оценувањето на ова ветување. Според тоа, ова предизборно ветување се оценува како неконкретно. [Ажурирано на: 05.03.2013]

**Оценка: Неконкретно**

## 2. Проект: Формирање на советодавно тело

*РОК: ФЕВРУАРИ 2010*

**Опис на проектот:**

Овој проект ќе се имплементира со претставници од градските власти и бизнис-заедницата заради преглед и давање совети за тоа како градот може да ги поддржува бизнисите.

**Образложение:**

Од страна на градот Скопје ни беше одговорено дека е формирано советодавно тело со претставници од градската администрација, Сојузот на стопански комори и Регионалната комора со седиште во Скопје. Ова ветување се оценува како исполнето. [Ажурирано на: 22.03.2013]

**Оценка: Исполнето**

## 3. Проект: Спроведување ревизија на регулаторната рамка

*РОК: ПРВА ФАЗА - ЈУЛИ 2010, ВТОРА ФАЗА - ЈУЛИ 2011*

### Опис на проектот:

Со спроведување ревизија на регулаторната рамка која директно влијае врз бизнис-заедницата, ќе се развијат предлози за поедноставување на правилата во практика; административните бариери за започнување на бизнис-активности, вклучително и за мали и средни претпријатија ќе бидат намалени, а процесот за издавање на градежни дозволи ќе биде стандардизиран, при што ќе бидат подобрени барањата за инвестициските вложувања во инфраструктурата.

### Образложение:

Од страна на градот Скопје ни беше одговорено дека не е извршена ревизија на регулаторната рамка. Ова ветување се оценува како неисполнето. [Ажурирано на: 22.03.2013]

**Оценка: Неисполнето**

## 4. Проект: Инфоканцеларија за бизнис-дозволи, оданочување и регистрација

*РОК: СЕПТЕМВРИ 2010*

### Опис на проектот:

Со основањето на канцеларија од ваков вид ќе биде воспоставен електронски систем за мониторинг врз издавањето на лиценци, дозволи и регистрација. Ќе се разгледаат опциите за овозможување на електронско аплицирање за лиценци.

### Образложение:

Од страна на градот Скопје ни беше одговорено дека не е основана инфоканцеларија за бизнис-дозволи, оданочување и регистрација. Ова ветување се оценува како неисполнето. [Ажурирано на: 22.03.2013]

**Оценка: Неисполнето**

## 5. Проект: Маркетинг-програма за домашни и странски инвеститори

*РОК: СЕПТЕМВРИ 2010*

### Опис на проектот:

Оваа програма ќе пружи информации за инвестициските можности за бизнис и недвижности и ќе промовира бизнис-паркови со цел да се прошират новите технолошки развои и инвестиции кои ќе го забрзаат развојот на мали и средни претпријатија. За ова ќе бидат изработени посебни Интернет-страници за читателите.

**Образложение:**
Иако во април 2012 година е најавено изработка на маркетинг-програма за привлекување на домашни и странски инвестиции од страна на град Скопје, не постојат информации дека ваква програма е завршена досега. Дополнително, со оглед на тоа дека рокот за исполнување на ова ветување е септември 2010 година, може да се оцени дека ова предизборно ветување не е исполнето. [Ажурирано на: 27.02.2013]

**Линкови:**
- Утрински Весник (17.04.2012): И Трајановски ќе привлекува инвестиции [Пристапено на: 27.02.2013]

**Оценка: Неисполнето**

### 6. Проект: Основање на тим за економски развој

*РОК: ЈУНИ 2009*

**Опис на проектот:**
Основање на економски развоен тим под раководство на градоначалникот, за воспоставување поцврсти врски на локалната со централната власт и со европските и со меѓународните институции.

**Образложение:**
За ветувањето не успеавме да најдеме информации на интернет, но затоа испративме барање за слободен пристап до информации до Град Скопје, на кое се уште немаме добиено одговор. Поради тоа, ова ветување не се оценува.

### 7. Проект: Дијалогот помеѓу бизнис-заедницата и образовниот сектор - состојби и потреби

*РОК: КОНТИНУИРАНО*

**Опис на проектот:**
За да се намалат разликите во вештините помеѓу потребите на пазарот на трудот и достапното образование и курсеви, градот, работодавачите, синдикатите и релевантните образовни институции може заеднички да соработуваат за развој на висококвалитетни, евтини програми за обуки на учениците од средните училишта кои кореспондираат со тековната економска клима. Поефективната комуникација помеѓу двата сектори ќе помогне во идентификацијата на активности за дообука на учениците и подобрување на нивото на основните вештини.

**Образложение:**
Начинот на кој е поставено ветувањето објективно не остава можност правилно да се истражи дали ова ветување е исполнето или не. Не постојат мерливи показатели кои би помогнале во оценувањето на ова ветување. Според тоа, ова предизборно ветување се оценува како неконкретно. [Ажурирано на: 05.03.2013]

**Оценка: Неконкретно**

### 8. Проект: Промоција на скопје како бизнис-дестинација

*РОК: КОНТИНУИРАНО*

**Опис на проектот:**
Градот Скопје ќе изработи пишани, медиумски и видеоматеријали, ќе изврши нивна дистрибуција преку познати светски медиуми и презентацијна реномирани светски саеми. Исто така, ќе овозможиме изработка на промотивен спот и презентација во која Скопје ќе се прикаже како атрактивна бизнис-дестинација. Ќе изработиме и интерактивен ДВД–РОМ со статистики и податоци за главните економски сектори по кои е градот Скопје најпрепознатлив.

**Образложение:**
Од страна на градот Скопје ни беше одговорено дека досега е изработен Водич за инвеститори на македонски, албански и англиски јазик, додека промотивен спот и ДВД не се изработени. Ова ветување се оценува како делумно исполнето. [Ажурирано на: 22.03.2013]

**Оценка: Делумно исполнето**

## II. СТРАТЕШКИ ПРОЕКТИ

### 1. Проект: Скопје - нови сообраќајни решенија

*РОК: 2009 – 2013*

**Опис на проектот:**
Проектот предвидува изработка на нови сообраќајни решенија на ниво на градот Скопје. Изработката на физибилити-студија со идејни проекти за утврдување на потреба за нови сообраќајни решенија на ниво на градот Скопје ќе се реализира во соработка со Владата на Република Македонија, а се очекува да биде готова кон средината на 2010 година. Физибилити-студијата со идејните проекти би се базирала на следниве две главни делници:
- Сообраќајниот коридор Соборен храм - Нова железничка и Чаир – Капиштец и
- Среден ринг со три булевари потребни за целосно решавање на сообраќајот во градот.

Потоа следува и изработка на главни проекти, а изградбата на овие сообраќајници би започнала во средината на 2011 година и би траела 2 години.

**Образложение:**

Со оглед на тоа дека во ова ветување е најавено дека изградбата на овие сообраќајници ќе започне во 2011 година и ќе трае 2 години, а заклучно со февруари 2013 година изградбата сеуште не е започната, ова ветување се оценува како неисполнето. [Ажурирано на: 28.02.2013]

**Оценка: Неисполнето**

## 2. Проект: Нов лик на градскиот парк

*РОК: АВГУСТ 2010*

**Опис на проектот:**

Со цел за заштита на животната средина, ќе се направи план за доуредување и одржување на Градскиот парк, со што истиот ќе стане пригодно место за викенд-прошетки. Ќе се направат неколку мини езерца, ќе се постават десетици клупи, ќе се уредат пешачки патеки, ќе се изградат мали фонтани и скулптури. Во изработката на финалниот проект за изгледот на Градскиот парк активно учество ќе имаат и граѓаните на градот Скопје.

**Образложение:**

Преземени се повеќе активности насочени кон уредување и одржување на Градскиот парк. Преку објавување на конкурс за изработка на идејно решение за Градскиот парк, овозможено е и активно учество на граѓаните во формирањето на новиот лик на паркот.

Во одговорот на барањето за слободен пристап до информации, општината наведе дека не е изработен план за доуредување и одржување на Градскиот парк.

**Линкови:**

- Утрински Весник (22.04.2009): Лавиринт од жива ограда во Градски парк [Пристапено на: 28.02.2013]
- Дневник (17.06.2009): Градски парк со ново јавно веце и со редари [Пристапено на: 28.02.2013]
- Дневник (14.07.2009): Бела ризла на патеките во паркот [Пристапено на: 28.02.2013]
- Официјален портал на град Скопје (04.09.2009): Се поставуваат жардиниери и пристапна рампа во Градскиот парк [Пристапено на: 28.02.2013]
- Нова Македонија (20.02.2010)**:** Три идејни решенија за Градскиот парк [Пристапено на: 28.02.2013]
- Вечер (19.03.2010): Се покрива водоснабдителниот канал за езерцата во Градскиот парк [Пристапено на: 28.02.2013]
- Вечер (23.04.2011): Стилска чешма за кучиња [Пристапено на: 28.02.2013]
- Нова Македонија (27.04.2011)**:** Нови чешми во градскиот парк [Пристапено на: 28.02.2013]
- Официјален портал на град Скопје (19.08.2011): Нови светилки во Градскиот парк [Пристапено на: 28.02.2013]

**Оценка: Делумно исполнето**

*Оценето од: Дејан Димитриевски и Наталија Пешиќ*

### 3. Проект: Нов Луна парк во Скопје

*РОК: ОКТОМВРИ 2010*

**Опис на проектот:**

Во соработка со општината Карпош, во текот на 2009 година ќе се започне со реконструкција на детскиот Луна парк. Со реализацијата на овој проект, ќе се изгради ново место каде што најмладите ќе можат да се забавуваат. Со новиот проект се планира проширување на сегашниот парк.

**Образложение:**

И покрај неколкуте обиди досега да се пронајде концесионер кој би го реализирал овој проект, Луна паркот во Скопје сеуште не е реконструиран. Според најновите информации, овој проект е влезен во новата изборна програма на градоначалникот Трајановски и се очекува да биде завршен до 2015 година. Ова предизборно ветување не е исполнето. [Ажурирано на: 08.02.2013]

**Линкови:**

- A1on (05.12.2012)**:** Ќе добие ли Скопје нов Луна парк? [Пристапено на: 08.02.2013]
- Курир (04.02.2013): Коце Трајановски ќе гради нов Луна парк и Ски патека на Водно [Пристапено на: 08.02.2013]

**Оценка: Неисполнето**

### 4. Проект: Гасификација на градот Скопје

*РОК: 2009 – 2011*

**Опис на проектот:**

Изработка на студија, идејни проекти и главни проекти за развивање на гасоводна мрежа за достава на природен гас до домаќинствата и до индустриските објекти во Скопје и имплементација на соодветни проекти.

**Образложение:**

Досега е изработена студија и објавен е оглас за пројавување интерес за учество во јавно – приватно партнерство за изградба на идниот систем за дистрибуција на природен гас во градот Скопје. Ова предизборно ветување е само делумно исполнето. [Ажурирано на: 03.03.2013]

**Линкови:**

- Build.mk (01.12.2012)**:** Скопје ќе се гасифицира по пат на јавно – приватно партнерство [Пристапено на: 03.03.2013]
- Build.mk (08.01.2013)**:** Странски компании се заинтересирани за гасификацијата на Скопје [Пристапено на: 03.03.2013]

**Оценка: Делумно исполнето**

## 5. Проект: Енергетска ефикасност

*РОК: КОНТИНУИРАНО*

**Опис на проектот:**

Градот Скопје ќе изготви физибилити-студија за заштеда на енергија и за користење на алтернативни извори на енергија.

**Образложение:**

Во насока на зголемување на енергетската ефикасност, градот Скопје досега има изготвено повеќе документи, меѓу кои: Студија за енергетска ефикасност на објекти кои се под ингеренции на Град Скопје (2009), СЕАП (Акциски план за енергетска ефикасност 2011-2020), Програма за енергетска ефикасност 2012-2014 (2012) и Едногодишен акциски план за енергетска ефикасност (2012). Ова предизборно ветување е исполнето. [Ажурирано на: 06.03.2013]

**Линкови:**

- Официјален портал на град Скопје: Реализација на СЕАП [Пристапено на: 06.03.2013]
- Официјален портал на град Скопје (30.11.2012)**:** Конференција на тема „Финансирање на енергетска ефикасност и обновлива енергија“ [Пристапено на: 06.03.2013]

**Оценка: Исполнето**

## 6. Проект: Измена на ГУП за Скопје

*РОК: 2009 – 2010*

**Опис на проектот:**

Во соработка со Владата на Република Македонија, градот Скопје ќе отпочне постапка за промена на Генералниот урбанистички план, со цел привлекување на странски и домашни инвестиции, промена на сообраќајните решенија согласно со современите трендови на живеење и согласно со барањата на голем број граѓани.

**Образложение:**

Во 2010 година, градот Скопје потпиша договор со Агенцијата за просторно и урбанистичко планирање за изработка на новиот Генерален урбанистички план. На овој план се работеше 2 години, а тој беше усвоен од страна на Советот на Град Скопје на 3 декември 2012 година. Ова предизборно ветување е исполнето. [Ажурирано на: 08.02.2013]

**Линкови:**

- Утрински Весник (31.10.2010): Во 2012 година Скопје ќе ги има новите урбанистички граници [Пристапено на: 08.02.2013]
- ПлусИнфо (04.12.2012)**:** Усвоен Генералниот урбанистички план на Град Скопје [Пристапено на: 08.02.2013]

**Оценка: Исполнето**

*Оценето од: Дејан Димитриевски и Наталија Пешиќ*

## 7. Проект: Ќе се разгледа можноста да се започне со изградба на трамвај

*РОК: 2009 – 2012*

**Опис на проектот:**

Со овој проект ќе се надгради досегашниот концепт на јавен превоз во градот Скопје кој покажува одделни недостатоци и ќе се воведе побрз и покапацитативен вид јавен превоз на патници. Според светските стандарди, овој вид превоз се препорачува за категорија на градови со над половина милион жители, во кои спаѓа и градот Скопје.

**Образложение:**

Едно ветување во предизборна програма не би смеело да започне со зборовите „Ќе се разгледа можноста“. Начинот на кој е составено ова предизборно ветување е неконкретен. Инаку треба да се напомене дека разгледана е можноста за изградба на трамвајски превоз, и одлучено е да се пристапи кон реализација на овој проект. На 7 декември 2012 година, градот Скопје објави оглас за јавно приватно партнерство кое треба да ја проектира, изгради, финансира и да стопанисува со трамвајската линија. [Ажурирано на: 28.02.2013]

**Линкови:**

- Курир (03.11.2011): Скопје дефинитивно ќе добие трамвај [Пристапено на: 28.02.2013]
- ПлусИнфо (07.12.2012)**:** Објавен тендерот за скопскиот трамвај [Пристапено на: 28.02.2013]

**Оценка: Неконкретно**

## 8. Проект: Изградба на каскадни прегради по течението на р. Вардар и решавање на проблемот со фекалии во градот Скопје

*РОК: 2009 – 2012*

**Опис на проектот:**

Изградба на канализациска мрежа во општините Ѓорче Петров и Сарај и изградба на колектори по левата и десната страна на реката Вардар. Потоа следи уредување на минор коритото по течението на Вардар. Овој проект ќе се реализира во соработка со Владата на РМ и со општините Ѓорче Петров и Сарај.

**Образложение:**

Според информациите, досега е завршен еден колекторски систем на реката Вардар, во Горно Лисиче. Во тек е изградбата на пречистителни станици во Волково и во Глумово, со цел да се реши проблемот со канализациската мрежа во општините Ѓорче Петров и Сарај. Во почетна фаза е капиталниот проект за изградба на главна пречистителна станица на Вардар во градот Скопје. Дополнително, преземени се повеќе акции со цел чистење и уредување на коритото на реката Вардар. Со оглед на тоа дека само одредени делови од ова ветување се исполнети, а останатите се во тек или во почетна фаза, ова предизборно ветување се оценува како делумно исполнето. [Ажурирано на: 26.02.2013]

**Линкови:**

- Вечер (21.10.2009): Вардар почист за 3800 кубици ѓубре [Пристапено на: 26.02.2013]
- Официјален портал на град Скопје (06.07.2010): Се чистат косините на кејот на реката [Пристапено на: 26.02.2013]
- Официјален портал на град Скопје (01.09.2010): Продолжува чистењето на косините на кејот на реката Вардар [Пристапено на: 26.02.2013]
- Вечер (07.12.2010): Почна изградбата на пречистителна станица во Волково [Пристапено на: 26.02.2013]
- Вечер (03.02.2011): Рачно чистење на 64.000 квадрати од Вардар и Лепенец [Пристапено на: 26.02.2013]
- Нова Македонија (14.02.2011): Запрена изградбата на препумпната станица во Горно Лисиче [Пристапено на: 26.02.2013]
- Официјален портал на град Скопје (11.04.2012): Пуштена во употреба препумпната станица во Горно Лисиче [Пристапено на: 26.02.2013]
- Дневник (16.07.2012): Вардар ќе добие пречистителна станица од 100 милиони евра [Пристапено на: 26.02.2013]
- Плус Инфо (11.10.2012): Вардар за шест години ќе почне да се чисти од фекалии [Пристапено на: 26.02.2013]

**Оценка: Делумно исполнето**

## 9. Проект: Убаво Скопје

*РОК: КОНТИНУИРАНО*

**Опис на проектот:**

Ќе се изврши соодветно убаво осветлување на јавните места во градот Скопје, како што се Камениот мост, мостот Гоце Делчев, тврдината Кале, Кејот, музејот на Град Скопје, новите јавни објекти на левата страна од реката Вардар во централното градско подрачје и објектите околу плоштадот. Посебен план ќе се разработи за осветлување на јавните објекти и врз основа на констатираните потреби, ќе се инсталираат и нови улични светилки со што би се зголемила осветленоста и безбедноста на граѓаните во градот.

**Образложение:**

Преземени се активности кон соодветно убаво осветлување на јавните места во градот Скопје, меѓу кои и Камениот мост, мостот Гоце Делчев, тврдината Кале, Кејот, новите објекти на левата страна од реката Вардар, плоштадот, итн. Ова предизборно ветување е исполнето. [Ажурирано на: 03.03.2013]

**Линкови:**

- Вечер (17.07.2009): 300 светилки за симболот на Скопје [Пристапено на: 25.02.2013]
- Вечер (07.09.2010): Илуминација на Кале [Пристапено на: 25.02.2013]
- Прес 24 (21.02.2011): Скопје: Се осветлува кејот на Вардар [Пристапено на: 25.02.2013]

- Плус Инфо (30.05.2011): Конечно светилки и на десната страна од Вардар [Пристапено на: 25.02.2013]
- Канал 5 Телевизија (07.09.2011): 200 илјади евра од ЕВН за осветлување на Музејот на револуцијата и Воинот на коњ [Пристапено на: 25.02.2013]
- Нова Македонија (25.10.2011): Светна мостот „Гоце Делчев“ [Пристапено на: 25.02.2013]
- Утрински Весник (07.02.2012): Светло и за барокните фасади на плоштад [Пристапено на: 25.02.2013]
- Build.mk (25.08.2012): Старата чаршија во Скопје блесна со ново осветлување [Пристапено на: 25.02.2013]
- Прес 24 (10.01.2013): Милион евра за осветлување на Стариот театар во центарот на Скопје [Пристапено на: 25.02.2013]

**Оценка: Исполнето**

## 10. Проект: ќе се разгледа можноста за изградба на нова административна зграда на ЈП Водовод и Канализација

*РОК: 2010 – 2012*

**Опис на проектот:**

Со цел запазување на современите трендови, градот Скопје заедно со ЈП Водовод и Канализација, ќе пристапи кон разгледување на можноста за изградба на нова административна зграда на Јавното претпријатие за која има градежна маркица.

**Образложение:**

Едно ветување во предизборна програма не би смеело да започне со зборовите „Ќе се разгледа можноста“. Начинот на кој е составено ова предизборно ветување е неконкретен. Инаку мора да се напомене дека изградбата на новата зграда на ЈП Водовод и Канализација е започната во декември 2011 година и моментално е во тек. [Ажурирано на: 27.02.2013]

**Линкови:**

- МРТ (04.12.2011): Поставен камен-темелник на новата зграда на ЈП „Водовод и канализација” [Пристапено на: 27.02.2013]

**Оценка: Неконкретно**

## 11. Проект: Ќе се разгледа можноста за изградба на градска куќа

*РОК: 2010 – 2012*

### Опис на проектот:

Со цел создавање на услови за поефикасна работа на градската администрација, а во согласност со европските стандарди, ќе се разгледа можноста за изградба на градска куќа.

### Образложение:

Едно ветување во предизборна програма не би смеело да започне со зборовите „Ќе се разгледа можноста“. Начинот на кој е составено ова предизборно ветување е неконкретен. Инаку мора да се напомене дека во јуни 2011 година е започната изградбата на новата зграда за потребите на градската администрација во Скопје. Овој објект се очекува да биде завршен до 2015 година. [Ажурирано на: 27.02.2013]

### Линкови:

- Утрински Весник (03.06.2011)**:** Почна да се гради Градската куќа на Кале [Пристапено на: 27.02.2013]
- Build.mk (03.06.2011): Се гради објект за скопската градска администрација [Пристапено на: 27.02.2013]

**Оценка: Неконкретно**

## 12. Проект: Ќе се разгледа можноста за обезбедување на резиденцијален простор за градоначалникот на градот

*РОК: 2010 – 2012*

### Опис на проектот:

Градот Скопје во соработка со Владата на Р.М., обезбедување на резиденцијален простор – канцеларии, сала за состаноци, коктел сала во централно градско подрачје.

### Образложение:

Едно ветување во предизборна програма не би смеело да започне со зборовите „Ќе се разгледа можноста“. Начинот на кој е составено ова предизборно ветување е неконкретен. Инаку мора да се наспомене дека резиденцијалниот објект на градоначалникот на градот Скопје ќе биде на местото на стариот Офицерски Дом на плоштадот Македонија. [Ажурирано на: 27.02.2013]

### Линкови:

- Нова Македонија (16.12.2010)**:** Градската администрација под Кале, Офицерскиот дом резиденција. [Пристапено на: 27.02.2013]
- A1on (28.01.2013)**:** Ќе се гради Офицерскиот дом и хотел на Плоштад Македонија [Пристапено на: 27.02.2013]

**Оценка: Неконкретно**

*Оценето од: Дејан Димитриевски и Наталија Пешиќ*

### 13. Проект: ISO 9001:2000 град

*РОК: ЈУНИ 2010*

**Опис на проектот:**

Идната градска администрација предводена од ВМРО-ДПМНЕ ќе воведе нови стандарди во начинот на работата и во пристапот кон граѓаните. Одговорна градска администрација подразбира систем на работни задачи, одговорности и систем на контрола, кој беспрекорно ќе ја реализира улогата на сервис на граѓаните. Оттаму, во текот на мандатот ќе ја стандардизираме работата на градските администрации и во рок од две години ќе го имплементираме и ќе го сертифицираме стандардот за квалитет ISO 9001:2000.

**Образложение:**

Постапката за отпочнување на процесот на сертификација на стандардот за квалитет ISO 9001:2000 е започната во август 2012 година. Со оглед на тоа дека рокот за исполнување на ветувањето е јуни 2010 година, ова ветување се оценува како неисполнето. [Ажурирано на: 27.02.2013]

**Линкови:**

- Официјален портал на град Скопје (29.08.2012): Оглас за барање за прибирање на понуди [Пристапено на: 27.02.2013]

**Оценка: Неисполнето**

# III. ТРАНСПАРЕНТНА ГРАДСКА УПРАВА

### 1. Проект: Современа градска администрација

*РОК: АПРИЛ 2010*

**Опис на проектот:**

Главна цел на овој проект е да се продлабочат и да се поедностави комуникацијата помеѓу граѓаните и локалната самоуправа. Затоа, потребно е формирање информативна служба. Во конкретна смисла, тоа претпоставува на видливо место да се постави т.н. „градска рецепција“, каде што граѓаните ќе можат да ги доставуваат своите поднесоци (писмено или усно), а одговорот да го добијат веднаш или најдоцна во рок од три дена. Истовремено, на ова место граѓаните ќе можат да ги добијат сите документи кои се во надлежност на локалната самоуправа. Исто така, во функција на создавање предуслови за олеснета комуникација, пред седиштата на градот ќе се постават т.н. „поштенски сандачиња за граѓаните“, каде што граѓаните ќе можат да доставуваат писма со свои прашања и идеи до локалната администрација, која, пак ќе биде должна да ги разгледа и да одговори на истите во најкраток рок. Исто така, во таа насока, преку дополнителен ангажман во насока на транспарентност на работењето на градската администрација, преку Интернет, граѓаните ќе можат да се информираат за условите во Градот, а преку воведувањето на електронско (on-line)

пополнување и поднесување на документите многу побрзо да ги остваруваат своите права од градот. Градот, пак, ќе има обврска да го информира граѓанинот само за тоа на која жиро-сметка треба да го уплати потребниот износ на финансиски средства за односната услуга, а граѓанинот би имал обврска само да дојде до „градската рецепција“ и да ги подигне бараните документи.

**Образложение:**

На влезот на просториите на град Скопје поставен е Граѓански информативен центар, кој претставува еден вид на „градска рецепција“. Дополнително, преку интернет порталот на град Скопје, граѓаните имаат можност да се информираат за работата на градската администрација и секој граѓанин може да побара одреден документ, да постави прашање или предлог, да дискутира, итн. Ова предизборно ветување е исполнето. [Ажурирано на: 01.03.2013]

**Линкови:**

- Официјален портал на град Скопје [Пристапено на: 01.03.2013]

**Оценка: Исполнето**

## 2. Проект: Градски правобранител

*РОК: ОКТОМВРИ 2009*

**Опис на проектот:**

Градскиот правобранител ќе ги истражува претставките кои се однесуваат на лошото административно работење на институциите и телата во градот Скопје и општините во него. Правобранителот, врз основа на поднесени претставки, и самиот ќе може да иницира постапки пред надлежните органи. Градскиот правобранител ќе ги истражува случаите на лошо административно работење (лоша администрација или администрација со недостатоци), кога таа не дејствува во согласност со законот, ако не ги почитува принципите на доброто административно работење или ги повредува човековите права.

**Образложение:**

И покрај тоа што во 2010 година, од страна на градската администрација најавено е отпочнување на проектот за правобранител на градот Скопје, не постојат јавно достапни инфомации дека е воведена оваа функција. Со оглед на тоа дека рокот за исполнување на ова ветување е октомври 2009 година, може да се заклучи дека ова предизборно ветување не е исполнето. [Ажурирано на: 03.03.2013]

**Линкови:**

- Дневник (01.02.2010): Градски правобранител ќе ги строи дрските службеници [Пристапено на: 03.03.2013]

**Оценка: Неисполнето**

*Оценето од: Дејан Димитриевски и Наталија Пешиќ*

## 3. Проект: Изработка на годишен извештај за работата на градот скопје со финансиски приказ на приходите и расходите

*РОК: 2009 – 2012*

### Опис на проектот:

Градот Скопје по истекот на секоја година ќе издава годишен извештај во кој ќе бидат прикажани сите приходи врз основа на постојните комунални даноци и такси, такси за користење и дозволи за вршење дејност, како и неданочни приходи, административни надоместоци, закупнини, донации, осигурувања, имот, продажба на земјиште. Исто така, заради отчетност пред граѓаните, во графички приказ ќе бидат прикажани и расходите на градот, односно потрошените средства за реализација на градските проекти. Во годишниот извештај, во посебен текстуален дел одделно ќе бидат опишани позначајните проекти на градот Скопје.

### Образложение:

Градот Скопје по истекот на секоја година издава брошура во која е објавен годишниот финансиски извештај на градот. Досега се објавени вакви извештаи за 2009, 2010 и 2011 година, а се очекува и изработката на извештајот за 2012 година. Ова предизборно ветување е исполнето. [Ажурирано на: 13.02.2013]

### Линкови:

- Официјален портал на Град Скопје (04.2010): Како се трошат Вашите пари : Град Скопје 2009 [Пристапено на: 13.02.2013]
- Официјален портал на Град Скопје (05.2011): Како се трошат Вашите пари: Град Скопје 2010 [Пристапено на: 13.02.2013]
- Официјален портал на Град Скопје (05.2012): Како се трошат Вашите пари: Град Скопје 2011 [Пристапено на: 13.02.2013]

**Оценка: Исполнето**

## 4. Проект: Регистар на имот и данок на имот на градот Скопје

*РОК: КОНТИНУИРАНО*

### Опис на проектот:

Градот Скопје континуирано ќе врши ажурирање на регистарот на даночни обврзници и на регистарот на имот на градот Скопје и евидентирање на спорниот имот со препорачување на мерки за нивно надминување.

### Образложение:

За ветувањето не успеавме да најдеме информации на интернет, но затоа испративме барање за слободен пристап до информации до Град Скопје, на кое се уште немаме добиено одговор. Поради тоа, ова ветување не се оценува.

## 5. Проект: Онлајн-достапност на услугите на градот Скопје

*РОК: НОЕМВРИ 2009*

### Опис на проектот:

Промена на постојниот Интернет-портал на градот Скопје (www.skopje.gov.mk) во интерактивен Интернет-сервис за граѓаните и институциите на кој ќе бидат достапни сите релевантни документи и апликации, со цел намалување на административните процедури и подобра достапност на информациите за работењето на градот и реализацијата на тековните проекти.

### Образложение:

На официјалниот портал на градот Скопје (http://www.skopje.gov.mk/) постои посебен дел кој е наречен Е-Сервиси каде што секој граѓанин може да дојде до потребната информација во врска со градската администрација или да побара податоци или документи за обезбедување на одредена услуга. Во делот за формулари, ѓраѓаните може да ги најдат потребните документи за услугите кои ги нуди градот, како што се издавање на лиценци, евиденциски листови, даночни пријави и слично. Дополнително, постои и дел на порталот кој е наречен Одговорност преку транспарентност, каде што секој граѓанин може да побара одреден документ, да постави прашање или предлог, да дискутира, итн. Ова предизборно ветување е исполнето. [Ажурирано на: 13.02.2013]

### Линкови:

- Официјален портал на Град Скопје: Е-Сервиси [Пристапено на: 13.02.2013]
- Официјален портал на Град Скопје: Формулари [Пристапено на: 13.02.2013]
- Официјален портал на Град Скопје: Одговорност преку транспарентност [Пристапено на: 13.02.2013]

**Оценка: Исполнето**

## 6. Проект: Call-центар

*РОК: ДЕКЕМВРИ 2009*

### Опис на проектот:

Отворање на бесплатна телефонска услуга за информирање на граѓаните и одговарање на нивни прашања поврзани со работењето на градот Скопје. Популаризација на бесплатниот телефонски број преку Интернет-страницата на градот Скопје и на електронските и печатените медиуми.

### Образложение:

Не постојат информации дека е отворена бесплатна телефонска услуга за информирање на граѓаните и одговарање на нивни прашања поврзани со работењето на градот Скопје. На официјалниот интернет портал на градот Скопје (http://www.skopje.gov.mk/) не може да се

најде информација за ваков телефонски број. Ова предизборно ветување не е исполнето. [Ажурирано на: 13.02.2013]

**Линкови:**

- Официјален портал на Град Скопје [Пристапено на: 13.02.2013]

**Оценка: Неисполнето**

### 7. Проект: Иницијатива за измена на закони и активна соработка со општините во градот Скопје за реализација на заеднички проекти

*РОК: 2009 – 2012*

**Опис на проектот:**

Градот Скопје ќе биде координатор и ќе води иницијативи за активна заедничка соработка со општините во градот Скопје и ЗЕЛС, со цел иницирање на законски измени за реализација на зеднички проекти, кои ќе ја подобрат инфраструктурата и ќе воведат подобри и поквалитетни услуги за граѓаните.

**Образложение:**

Со оглед на тоа дека во ова ветување не е напомнето точно кои иницијативи, закони и заеднички проекти би биле опфатени, претставува практично невозможно правилно да се истражи дали ова ветување е исполнето или не. Ова предизборно ветување се оценува како неконкретно. [Ажурирано на: 18.03.2013]

**Оценка: Неконкретно**

## IV. ПЛАНИРАЊЕ И УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

### 1. Проект: Дигитален катастар на подземна инфраструктура

*РОК: СЕПТЕМВРИ 2011*

**Опис на проектот:**

Изработка на катастар на водоводната, канализациската, топлинската и гасната подземна инфраструктура, кој ќе се ажурира редовно. Овој катастар ќе биде дигитален со цел побрз пристап до потребните информации, а ќе се изготвува во соработка со јавните претпријатија во градот Скопје.

**Образложение:**

Катастарот на водоводната, канализациската, топлинската и гасната подземна инфраструктура сеуште не е изработен. Според последните информации, техничките услови за отпочнување на

овој проект треба да се подготват до крајот на 2013 и почетокот на 2014 година. Ова предизборно ветување не е исполнето. [Ажурирано на: 13.02.2013]

**Линкови:**

- Нова Македонија (18.05.2012)**:** Градот лежи на цевки и на жици [Пристапено на: 13.02.2013]
- Build.mk (29.01.2013)**:** Подземниот катастар за македонските градови е мислена именка [Пристапено на: 13.02.2013]

**Оценка: Неисполнето**

## 2. Проект: Регулирање на рекламирањето на билборди

*РОК: СЕПТЕМВРИ 2009*

**Опис на проектот:**

Новата градска управа ќе донесе процедура со која ќе се регулира поставувањето на билборди на јавна површина во насока на рекламирање. Издавањето на просторот каде ќе се поставуваат билборди исклучиво ќе се прави преку јавна и транспарентна процедура.

**Образложение:**

Во насока на регулирање на процесот на поставувањето на билборди во градот, Советот на град Скопје во јули 2012 година ја донесе Програмата за поставување на урбана опрема - рекламни паноа на подрачјето на Град Скопје за периодот 2012-2027 година. По донесувањето на оваа програма, градот Скопје објави јавен конкурс за доделување концесии за локации за поставување рекламни паноа во градот. Сепак, со оглед на тоа дека рокот за исполнување на ова ветување е септември 2009 година, а тоа е исполнето со задоцнување од 3 години, ова предизборно ветување се оценува само како делумно исполнето. [Ажурирано на: 21.02.2013]

**Линкови:**

- Официјален портал на град Скопје (17.07.2012)**:** Програма за поставување на урбана опрема - рекламни паноа на подрачјето на Град Скопје за периодот 2012-2027 година [Пристапено на: 21.02.2013]
- Нет Прес (09.08.2012)**:** Град Скопје ќе доделува концесии за билборди [Пристапено на: 21.02.2013]

**Оценка: Делумно исполнето**

### 3. Проект: Нова локација за гробишта во Скопје

*РОК: ДЕКЕМВРИ 2009*

**Опис на проектот:**

Со Планската програма за изработка на Детален урбанистички план за гробишта, локалитетот Коњски Рид со опфат од околу 47 ха ќе се одреди како нова локација за гробишта во Скопје. Имено, во Генералниот урбанистички план на градот Скопје усвоен на 26.06.2002 година, со планскиот концепт за развој на гробишта, предвидено е обезбедување на нови површини за закоп, заедно со придружни содржини, како и изградба на потребна инфраструктура, за период од 100 години (периодот од 100 години е основа за планирање на просторот за нови гробишта согласно со сите познати нормативи за оваа област).

**Образложение:**

Во 2010 година, градоначалникот Коце Трајановски потврди дека нема да се градат нови гробишта на Коњски Рид поради неможноста да се средат имотно-правните односи. Во 2012 година, уште еднаш беше потврдено дека отпаѓа идејата за нови гробишта на Коњски Рид, а наместо тоа ќе се прошируваат постојните гробишта во Бутел. Ова предизборно ветување не е исполнето. [Ажурирано на: 13.02.2013]

**Линкови:**

- Вест (19.10.2010): Нема да има гробишта на Коњски Рид [Пристапено на: 13.02.2013]
- Плус Инфо (16.03.2012): Ќе се прошируваат гробиштата во Бутел [Пристапено на: 13.02.2013]

**Оценка: Неисполнето**

### 4. Проект: Проширување на гробишта во Камник

*РОК: 2013*

**Опис на проектот:**

Ќе се обезбедат нови површини за закоп.

**Образложение:**

Според информациите, гробиштата во Камник досега се проширени за 2 хектари, а се планира да се прошират за дополнителни 10 хектари. Од градот Скопје, уште во 2009 година, откупена е парцела кај гробиштата со површина од 4.550 квадратни метри. Ова предизборно ветување е исполнето. [Ажурирано на: 13.02.2013]

**Линкови:**

- Утрински Весник (23.11.2009): Гробиштата „Камник“ ќе се прошират и ќе добијат капела [Пристапено на: 13.02.2013]
- Нова Македонија (17.12.2012): Гробиштата се шират на уште 45 хектари [Пристапено на: 13.02.2013]

**Оценка: Исполнето**

*Оценето од: Дејан Димитриевски и Наталија Пешиќ*

### 5. Проект: Изработка на просторен план на скопскиот регион

*РОК: СЕПТЕМВРИ 2010*

**Опис на проектот:**

Со изработката на просторниот план на градот Скопје ќе се разрешат проблемите со урбаната експанзија, ќе се лоцира проблемот со инфраструктурата, со комуналната и со патната мрежа, ќе се дефинираат заштитните зони и ќе се воспостави режим на културното наследство, а ќе се ублажат или ќе се надминат проблемите во однос на заштитата на животната средина и на водата. Планот ќе биде основа за изработка на нова урбанистичка документација на регионот, како и нов Генерален урбанистички план на градот Скопје.

**Образложение:**

И покрај тоа што постапката за донесување на нов просторен план за скопскиот регион е започната уште пред неколку години, ваков просторен план се уште не е донесен. На веб-страницата на Агенцијата за планирање на просторот може да се најде нацрт на планот кој е во процедура. Ова предизборно ветување не е исполнето. [Ажурирано на: 21.02.2013]

**Линкови:**

- Build.mk (18.03.2010)**:** Се крои нов просторен план за скопскиот регион [Пристапено на: 21.02.2013]
- Агенција за планирање на просторот: Просторни планови [Пристапено на: 21.02.2013]
- Агенција за планирање на просторот: Просторен План на Скопскиот регион (2005 - 2020), нацрт [Пристапено на: 21.02.2013]

**Оценка: Неисполнето**

# V. ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

### 1. Проект: Мониторинг на загаденоста на воздухот во градот Скопје

*РОК: МАРТ 2010*

**Опис на проектот:**

Со помош на тим од експерти во областа на животната средина најдоцна од март 2010, градот Скопје континуирано ќе врши мониторинг на загаденоста на воздухот на определени пунктови.

**Образложение:**

Во изјава дадена за медиумите во ноември 2011 година, градоначалникот Трајановски напоменува дека градот Скопје не е надлежен за мониторинг на воздухот во главниот град, односно за мониторинг на воздухот надлежност има Министерството за животна средина и просторно планирање. Знаејќи го овој податок, градоначалникот не требал воопшто да го

стави ова ветување во својата предизборна програма. Ова предизборно ветување е недоследно. [Ажурирано на: 15.02.2013]

**Линкови:**

- Курир (12.11.2011): Градот презема мерки за намалување на загаденоста на воздухот [Пристапено на: 01.02.2013]

**Оценка: Недоследно**

## 2. Проект: Мониторинг на загаденоста на реката Вардар во Скопје

*РОК: МАРТ 2010*

**Опис на проектот:**

Со цел континуиран мониторинг на загаденоста на водата на реката Вардар во Скопје најдоцна од март 2010, градот Скопје ќе инсталира мерни инструменти на повеќе точки по должината на водотекот на реката Вардар низ Скопје и редовно ќе го следи нивото на загаденост со предлог-мерки за спречување на прекумерното загадување.

**Образложение:**

Според информациите од градот Скопје, изградена е мрежа за мониторинг на загаденоста на реката Вардар, а истражувачкиот мониторинг ги опфаќа изворот Рашче и бунарските извори кај Лепенец. Ова предизборно ветување е исполнето. [Ажурирано на: 03.03.2013]

**Линкови:**

- Официјален портал на Град Скопје: Програма на остварени активности - Една година за Скопје [Пристапено на: 03.03.2013]

**Оценка: Исполнето**

## 3. Проект: Информирање за еколошката загаденост и мерките за нејзино спречување

*РОК: 2010*

**Опис на проектот:**

Со поставување на дисплеи на фреквентни места во градот Скопје ќе се овозможи информирање на граѓаните за моменталниот степен на загаденост на воздухот и на моменталните хидрометеоролошки услови на соодветната локација. Овие дисплеи ќе бидат искористени и за промовирање на мерки за зачувување на животната средина и спречување на прекумерното загадување.

**Образложение:**
Досега е поставен само еден ваков дисплеј, кој овозможува информирање на граѓаните за моменталниот степен на загаденост на воздухот, и тоа во 2011 година на улицата Македонија во центарот на градот. Мора да се напомене дека во моментов ниту тој дисплеј не е функционален, а не работи ни веб-страницата „Скопје дише“. Постојат најави дека во 2013 година, ќе биде изграден уште еден ваков дисплеј во општината Кисела Вода. Ова предизборно ветување не е исполнето. [Ажурирано на: 13.02.2013]

**Линкови:**

- Утрински Весник (11.02.2011)**:** Поставен дисплеј за квалитет на воздухот [Пристапено на: 13.02.2013]
- Официјален портал на Град Скопје**:** Квалитет на воздух [Пристапено на: 13.02.2013]
- Нова Македонија (25.10.2012)**:** Загаденоста не се мери кога се гради [Пристапено на: 15.02.2013]

**Оценка: Неисполнето**

## 4. Проект: Облагородување на дивите депонии и на неискористениот простор на градот Скопје

*РОК: КОНТИНУИРАНО*

**Опис на проектот:**
Градот Скопје ќе изврши преглед на локациите на кои се настанати диви депонии, како и на просторот кој е неискористен и со соодветна постапка ќе овозможи нивно облагородување, односно пренаменување во урбани површини – паркови, спортски игралишта, културолошки објекти и детски игралишта.

**Образложение:**
И покрај тоа што се преземени одредени активности во последниве неколку години во насока на чистење на овие површини, во градот Скопје се уште можат да се забележат значителен број на диви депонии. Според тоа, може да се заклучи дека проблемот со дивите депонии се уште не е решен. Ова предизборно ветување не е исполнето. [Ажурирано на: 03.03.2013]

**Линкови:**

- Нет Прес (31.08.2009): Чистење на диви депонии во неколку општини во Скопје [Пристапено на: 03.03.2013]
- Вечер (14.10.2009)**:** Расчистени диви депонии на 11 локации [Пристапено на: 03.03.2013]
- Утрински Весник (05.10.2012)**:** Градот се задушува во диви депонии [Пристапено на: 03.03.2013]

**Оценка: Неисполнето**

## 5. Проект: Изработка на нов локален еколошки акционен план за градот Скопје

*РОК: ОКТОМВРИ 2010*

**Опис на проектот:**

Со изработката на новиот еколошки план за градот Скопје ќе се дефинираат проблемите што ја загрозуваат животната средина, како и решенијата за надминување на тие проблеми. Целта на овој план ќе биде да се надминат проблемите од областа на животната средина на локално ниво.

**Образложение:**

Новиот еколошки план за градот Скопје беше промовиран на 21 март 2012 година. Со оглед на тоа дека првичниот рок за исполнување на ова ветување е октомври 2010 година, односно ветувањето е исполнето со задоцнување од година и пол, ова предизборно ветување се оценува само како делумно исполнето. [Ажурирано на: 13.02.2013]

**Линкови:**

- Прес 24 (21.03.2012): Промовиран вториот Локален еколошки акциски план на Град Скопје [Пристапено на: 13.02.2013]
- Официјален портал на Град Скопје (21.03.2012): Промовиран вториот Локален еколошки акционен план за Скопје (ЛЕАП 2) [Пристапено на: 13.02.2013]

**Оценка: Делумно исполнето**

## 6. Проект: Изработка на локална агенда 21

*РОК: МАРТ 2010*

**Опис на проектот:**

Агендата 21 беше создадена на Светската конференција за животна средина и развој во Рио (1992). Таа е глобална акциона програма за одржлив развој, во којашто се вклучени и меѓусебно поврзани сите нивоа: од Глобалната агенда 21 до безбројните проекти насекаде во светот во рамките на Локалната агенда 21. Загадувањето на животната средина продолжува, иако со намален интензитет. Сепак, последиците од прекумерното загадување на животната средина ќе се чувствуваат уште долго време. Со цел надминување на овие проблеми, се креира Локалната агенда 21 за градот Скопје, која ќе понуди решенија за надминување на овие проблеми, ќе иницира многубројни дијалози помеѓу луѓето, како и заедничка подготовка на соодветни стратегии за одржлив развој на градот.

**Образложение:**

Изработена е Локална агенда 21 за градот Скопје. Ова предизборно ветување е исполнето. [Ажурирано на: 13.03.2013]

**Линкови:**

- АГЕНДА 21 Скопје. [Пристапено на: 13.03.2013]

**Оценка: Исполнето**

## 7. Проект: Изработката на физибилити-студија за интегрирано управување со отпад во скопскиот регион

*РОК: 2010 – 2011*

### Опис на проектот:

Во рамките на Владата на Република Македонија, Министерството за животна средина и просторно планирање е координатор на политиката за животна средина, а имплементацијата на мерки и активности за заштита на животната средина зависи од широк опсег на субјекти од јавниот и од приватниот сектор на државно и на локално ниво. Главните задачи и цели на Министерството за животна средина и просторно планирање ќе бидат: следење на состојбите во животната средина, природата и просторот, оцена и издавање дозволи за интервенции во животната средина и просторот, одржливо управување со природните ресурси, заштита на природата, подигање на јавната свест кај граѓаните, вклучување на јавноста во процесот на одлучување и едукација и партнерство со заинтересирани страни.

### Образложение:

Со оглед на тоа дека во ова ветување се наспоменуваат активностите на Министерството за животна средина и просторно планирање, а не на градот Скопје, не е јасно зошто ветувањето е влезено во изборната програма на скопскиот градоначалник. Ова ветување се оценува како недоследно. [Ажурирано на: 25.02.2013]

**Оценка: Недоследно**

## 8. Проект: Поддршка во процесот на одржување и надополнување на катастарот на создавачи на цврст отпад

*РОК: 2009 – 2010*

### Опис на проектот:

Еден од најзначајните предуслови за имплементација на системот за мониторинг на отпадот е воспоставување на Катастарот со загадувачи со цврст и опасен отпад на Република Македонија, кој е во завршна фаза на изготвување од страна на Градежниот институт „Македонија“, со кој ќе се овозможи систематски пристап во собирањето на потребните податоци.

### Образложение:

Според информациите, општина Карпош засега е единствената општина која што има воспоставено катастар со загадувачи со цврст и опасен отпад. Ова предизборно ветување се оценува како неисполнето. [Ажурирано на: 15.02.2013]

### Линкови:

- Глобус (22.01.2013): Тивкиот убиец на Скопјани [Пристапено на: 15.02.2013]

**Оценка: Неисполнето**

*Оценето од: Дејан Димитриевски и Наталија Пешиќ*

## 9. Проект: Замена на азбестните плочи во јавните установи во градот Скопје

*РОК: КОНТИНУИРАНО*

### Опис на проектот:

Овој проект вклучува замена на штетните, азбестни покриви на некои јавни установи во градот. Покрај ова, ќе се изработи и физибилити-студија која ќе направи процена на износот на замената на пријавените азбестно-покривни плочи на подрачјето на Скопје, како и за начинот за негово складирање и депонирање.

### Образложение:

Преземени се активности во насока на отстранување на азбестните плочи на покривите на училиштата и други јавни установи во градот Скопје. За потребите на овој проект, градот Скопје одвои 20 милиони денари. Дополнително, покрај отстранувањето на азбестните плочи од покривите, овој проект предвидува и транспортирање и депонирање на истите во депонијата Дрисла. Ова предизборно ветување е исполнето. [Ажурирано на: 03.03.2013]

### Линкови:

- Дневник (04.03.2010): Дрисла се подготвува за азбестот од училиштата [Пристапено на: 03.03.2013]
- Утрински Весник (13.04.2010): Азбестот од училиштата ќе се закопа на „Дрисла“ [Пристапено на: 03.03.2013]
- Нова Македонија (19.07.2011): Наредната учебна година со помалку азбестни покриви [Пристапено на: 03.03.2013]

**Оценка: Исполнето**

## 10. Проект: Компостирање на отпад создаден од парковите и од останите зелени површини на ниво на градот Скопје

*РОК: 2010*

### Опис на проектот:

Со реализацијата на овој проект ќе се овозможи избегнување и намалување на количеството на создаден отпад преку доследно спроведување и следење на процедурите за добивање интегрирани дозволи од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање како и воведувањето на селекција на отпадот која ќе влијае врз намалувањето на отпадот на градската депонија. Изградба на Централна компостара за компостирање на биоразградливиот отпад. Од друга страна, со овој процес се продолжува векот на употреба на депониите поради заштеда односно веќе згрижен биоразградлив отпад.

### Образложение:

Во 2009 година, од страна на Јавното претпријатие „Паркови и зеленило“ отпочнат е пилот-проект за компостирање на паднатите лисја од дрвјата. На почетокот на 2013 година, потпишан е договор со италијанскиот конзорциум ФЦЛ Амбиенте и Униеко СЦЦ ЦООП за преземање под концесија на депонијата „Дрисла“. Во овој договор, меѓу другото, предвидено

е и изградба на постројка за компостирање на отпад од зеленило. Ова предизборно ветување е делумно исполнето. [Ажурирано на: 05.03.2013]

**Линкови:**

- Нова Македонија (05.11.2009)**:** Од паднатите лисја ќе се прави ѓубриво [Пристапено на: 05.03.2013]
- Вечер (05.11.2009)**:** Есенските лисја штедат пари [Пристапено на: 05.03.2013]
- Нова Македонија (08.12.2012)**:** Ѓубрето од лисја не носи пари [Пристапено на: 05.03.2013]
- Build.mk (04.01.2013)**:** Италијанци од ѓубрето во „Дрисла" ќе произведуваат енергија и гориво [Пристапено на: 05.03.2013]

**Оценка: Делумно исполнето**

## 11. Проект: Намалување на количините на отпад кои се депонираат на дрисла

*РОК: 2009 – 2013*

**Опис на проектот:**

Проектот опфаќа селектирање, рециклирање и реупотреба на отпадот од оваа депонија. Изработка на Студија за искористување на енергетскиот потенцијал на биогасовите што се ослободуваат при согорување на отпад и нејзина имплементација. (пр. На многу депонии метанот што се ослободува при согорување на отпадот се употребува за добивање на електрична енергија).

**Образложение:**

За ветувањето не успеавме да најдеме информации на интернет, но затоа испративме барање за слободен пристап до информации до Град Скопје, на кое се уште немаме добиено одговор. Поради тоа, ова ветување не се оценува.

## 12. Проект: Покренување на иницијатива за изготвување на национална стратегија за намалување на загадување на воздухот од емисии на стакленички гасови

*РОК: 2009 – 2013*

**Опис на проектот:**

Целокупниот проект опфаќа реализација на повеќе потпроекти како проекти за енергетска ефикасност во јавни објекти, проекти за примена на сончеви колектори и други обновливи извори на енергија.

**Образложение:**

Од страна на градот Скопје ни беше одговорено дека во рамките на своите надлежности, градот Скопје реализира активности поврзани со намалувањето на загадувањето на воздухот од емисии на стакленичките гасови. Ова ветување се оценува како исполнето. [Ажурирано на: 22.03.2013]

**Оценка: Исполнето**

### 13. Проект: Уредување на речни корита

*РОК: КОНТИНУИРАНО*

**Опис на проектот:**

Активно ќе се работи на уредување на речните корита во Скопје.

**Образложение:**

Со оглед на тоа дека во ова ветување не е напоменето кои и колку од речните корита ќе бидат опфатени со процесот на уредување, претставува практично невозможно правилно да се истражи дали ова ветување дали е исполнето или не. Ова предизборно ветување се оценува како неконкретно. [Ажурирано на: 27.02.2013]

**Оценка: Неконкретно**

## VI. НОВИ ГРАДСКИ РЕКРЕАТИВНИ СОДРЖИНИ

### 1. Проект: Отпочнување со изградба на ботаничка градина како нова содржина на зоолошката градина

*РОК: 2012*

**Опис на проектот:**

Отпочнување со изградба на Ботаничка градина како дел од Зоолошката градина. Со овој проект се додава уште една локација која ќе придонесе за зголемување на туристичкиот и екопотенцијалот на градот Скопје.

**Образложение:**

Отпочната е изградбата на Ботаничка градина во склоп на Зоолошката градина во Скопје, и според информациите градежните работи се во финална фаза. Ова предизборно ветување е исполнето. [Ажурирано на: 15.02.2013]

**Линкови:**

- Нова Македонија (14.08.2012): На ноќна авантура со дивите животни [Пристапено на: 15.02.2013]

**Оценка: Исполнето**

### 2. Проект: Изградба на жичарница до врвот на Водно

*РОК: 2010*

**Опис на проектот:**

Во соработка со Владата на Република Македонија, ќе биде изработен основен проект и ќе се отпочне со градба на жичарницата до врвот на Водно. Изградбата на жичарницата треба да отпочне во месец јуни 2009 година, а би завршила во септември 2010 година. Во меѓувреме ќе

се работи на оформување на документација за II фаза од овој проект, со цел да се овозможи поврзување на централното градско подрачје со средно Водно, а во зависност од средствата, ќе се започне со реализација и на оваа фаза.

**Образложение:**
Изградбата на жичарницата од Средно Водно до Милениумскиот крст започна на 2 мај 2010 година. Жичарницата беше пуштена во употреба на 3 јуни 2011 година. Со оглед на тоа дека не се испочитувани поставените рокови за изградба, ова ветување се оценува само како делумно исполнето. [Ажурирано на: 11.02.2013]

Во врска со следната фаза од жичарницата, според информациите од министерството за транспорт и врски, австриската фирма „Допелмаер" ја има изготвено документацијата за следната фаза, но се уште не се определени средства за почеток на изградбата на наредната фаза од жичарницата. [Ажурирано на: 11.02.2013]

**Линкови:**
- Build.mk (02.05.2010): БЛИЦ ВЕСТ: Почеток на изведбата на жичарницата на Водно [Пристапено на: 11.02.2013]
- Телма Телевизија (03.06.2011): Пуштена жичарницата до Милениумскиот крст [Пристапено на: 11.02.2013]
- Дневник (18.10.2011): Жичницата чека билет од Владата [Пристапено на: 11.02.2013]

**Оценка: Делумно исполнето**

## 3. Проект: Трим-патека во подножјето на планината Водно

*РОК: 2009*

**Опис на проектот:**
Трим-патеката ќе се наоѓа во подножјето на планината Водно над хотелот „Панорама" и ќе се протега до општината Кисела Вода. Оваа патека би ја користеле сите граѓани на градот Скопје затоа што се наоѓа во централното градско подрачје. Граѓаните ќе можат да се рекреираат во зелениот појас во подножјето на планината Водно.

**Образложение:**
Досега е изградена само првата фаза од Трим-патеката, од Средно Водно до локалитетот Марково Крувче. Таа беше пуштена во употреба во октомври 2012 година. Втората фаза, од локалитетот Марково Крувче до населбата Припор во општина Кисела Вода, би требало да биде готова до средината на 2013 година. Со оглед на тоа дека е завршен само дел од оваа трим-патека, а и не е запазен рокот за исполнување, ова ветување се оценува како делумно исполнето. [Ажурирано на: 12.02.2013]

**Линкови:**

- Сител Телевизија (06.10.2012): Скопјани добија нова рекреативна трим патека на Водно [Пристапено на: 12.02.2013]
- Плус Инфо (06.10.2012): Нова трим патека на падините на Водно [Пристапено на: 12.02.2013]

**Оценка: Делумно исполнето**

## 4. Проект: Уредување на парк-шумата на Водно

*РОК: 2010*

**Опис на проектот:**

Уредување на зеленило, уредување на пешачка патека до врвот на Водно, изградба на станици за одмор со урбана опрема со клупи и маси, со цел обезбедување пристојно место за викенд-рекреација на граѓаните на Скопје, затоа што Водно претставува прибежиште на љубителите на природата.

**Образложение:**

Од страна на градот, преземени се активности во насока на уредување на парк-шумата на Водно. Тука спаѓаат уредувањето на зеленилото и пешачките патеки, како и изградбата на видиковци и комплети од клупи и маси за одмор. Во таа насока, во 2010 година од страна на Советот на град Скопје усвоена е и Програма за уредување на парк-шумата Водно за 2010 година. Ова предизборно ветување е исполнето. [Ажурирано на: 25.02.2013]

**Линкови:**

- Официјален портал на град Скопје (16.07.2009): Двата видиковци на Водно реновирани и отворени за посетителите [Пристапено на: 25.02.2013]
- Официјален портал на град Скопје (08.04.2010): Програма за уредување на парк-шумата Водно за 2010 година [Пристапено на: 25.02.2013]
- Вечер (24.09.2010): Нови видиковци на Водно [Пристапено на: 25.02.2013]

**Оценка: Делумно исполнето**

## 5. Проект: Реактивирање на ноќната атлетска трка на 13. Ноември

*РОК: 2010*

**Опис на проектот:**

Реактивирање на поранешната скопска традиција да се организира ноќна трка во пресрет на роденденот на градот Скопје.

**Образложение:**
Во соработка со Сојузот на спортови на Скопје, почнувајќи од 2009 година, реактивирана е ноќната атлетска трка по улиците на главниот град, по повод 13 ноември - денот на ослободувањето на Скопје. Ова предизборно ветување е исполнето. [Ажурирано на: 12.02.2013]

**Линкови:**

- Нетпрес (15.11.2009): Реактивирана ноќна и атлетска и велосипедска трка по повод 13 Ноември [Пристапено на: 12.02.2013]

**Оценка: Исполнето**

## 6. Проект: Популаризација на левата страна на кејот на Вардар во центарот на Скопје

*РОК: 2011*

**Опис на проектот:**
Преку предвидување на интересни културни, а пред сè, туристички и комерцијални содржини, градот Скопје во соработка со Владата на Република Македонија ќе овозможи изедначување на циркулацијата на луѓе од двете страни на кејот на реката Вардар на Скопје.

**Образложение:**
Преземени се одредени активности во насока на заживување и популаризација на левата страна на кејот на реката Вардар, како што се отворањето на градска плажа до Камениот мост, и пуштањето во употреба на Музејот на македонската борба за државност и самостојност и Меморијалниот центар на холокаустот на Евреите од Македонија. Сепак, и покрај овие активности, не може да се рече дека е достигнато изедначување на циркулацијата на луѓе од двете страни на кејот на реката Вардар, и десната страна на кејот се уште останува популарна и поискористена. Поради тоа, ова предизборно ветување се оценува како делумно исполнето. [Ажурирано на: 05.03.2013]

**Линкови:**

- МРТ (10.03.2011): Отворање на Меморијалниот центар на холокаустот на Евреите од Македонија [Пристапено на: 05.03.2013]
- Сител Телевизија (05.05.2011): Викендов се отвара Градска плажа 2 [Пристапено на: 05.03.2013]
- Build.mk (08.05.2011): ФОТО ВЕСТ: Градска плажа „Камен мост“ [Пристапено на: 05.03.2013]
- Прес 24 (10.09.2011): Отворен Музејот на ВМРО [Пристапено на: 05.03.2013]
-

**Оценка: Делумно исполнето**

## 7. Проект: Уредување на влезот и на излезот на Скопје

*РОК: ДЕКЕМВРИ 2010*

### Опис на проектот:

Заради соодветен пречек и испраќање на посетителите на Скопје, предвидено е урбанизирање и хортикултурно уредување на влезот и на излезот на Скопје, со што ќе се остави поголем впечаток за самиот град и кај патниците кои го посетуваат, но и кај оние кои транзитираат низ Скопје.

### Образложение:

Во 2010 година, од страна на ЈП Паркови и зеленило извршено е уредување на булеварот "Александар Македонски" на излезот на Скопје во населбата Ченто. Дополнително, со Програмата за одржување и уредување на јавното зеленило за 2010, опфатено е хортикултурното уредување на сите влезови во градот Скопје. Ова предизборно ветување е исполнето. [Ажурирано на: 25.02.2013]

### Линкови:

- Вечер (13.04.2010)**:** Се уредува булеварот "Александар Македонски" [Пристапено на: 25.02.2013]
- Вечер (24.08.2010)**:** Ќе се разубавуваат патните влезови кон Скопје [Пристапено на: 25.02.2013]

**Оценка: Исполнето**

## 8. Проект: Реновирање на фасади во централното градско подрачје

*РОК: 2012*

### Опис на проектот:

Со овој проект ќе се овозможи подобар изглед на објекти во централното градско подрачје.

### Образложение:

Од страна на градот Скопје преземени се повеќе активности во насока на реновирање на фасадите во централното градско подрачје. Ова предизборно ветување е исполнето [Ажурирано на: 25.02.2013]

### Линкови:

- Дневник (06.03.2012)**:** Фасада за уште една зграда на плоштадот Македонија [Пристапено на: 25.02.2013]
- Утрински Весник (06.03.2012)**:** Барокот се сели и на зградите на „Рекорд“ [Пристапено на: 25.02.2013]
- Дневник (07.03.2012)**:** Половина згради во центар со барокни фасади [Пристапено на: 25.02.2013]
- Build.mk (29.11.2012)**:** Се подготвува промена на уште пет фасади во центарот на Скопје [Пристапено на: 25.02.2013]

**Оценка: Исполнето**

## 9. Проект: Уредување на парк-шумата Гази Баба

*РОК: 2012*

### Опис на проектот:

Проектот опфаќа уредување на парк-шумата Гази Баба, ревитализација на постојните содржини, збогатување со биодиверзитет и опремување со парковски инвентар. Истовремено, ќе се покрене иницијатива за воведување на повисок степен на заштита на парк-шумата.

### Образложение:

Од страна на градот Скопје преземени се повеќе активности во насока на уредување на парк-шумата Гази Баба. Во таа насока извршено е опремување со парковски инвентар, поставување на набљудувачници, информативни табли, како и ново осветлување и пошумување на парк-шумата. Ова предизборно ветување е исполнето [Ажурирано на: 25.02.2013]

### Линкови:

- Утрински Весник (11.11.2009)**:** Нова опрема во парк-шумата „Гази Баба“ [Пристапено на: 25.02.2013]
- Нова Македонија (11.11.2009)**:** Се уредува парк-шумата Гази Баба [Пристапено на: 25.02.2013]
- Вечер (15.09.2010)**:** Информативни табли во парк-шумата Гази Баба [Пристапено на: 25.02.2013]
- Официјален портал на град Скопје (22.10.2010): Изградени три видиковци и планинарска куќичка во парк-шумата Гази Баба [Пристапено на: 25.02.2013]
- Нова Македонија (24.08.2011): Ново осветлување во парк-шумата Гази Баба [Пристапено на: 25.02.2013]

**Оценка: Исполнето**

## 10. Проект: Продолжување на ревитализација на зоолошката градина

*РОК: СЕПТЕМВРИ 2010*

### Опис на проектот:

Продолжување на ревитализацијата на Зоолошката градина преку изготвување на поединечни проекти за секое живеалиште и реконструкција и изградба на живеалишта за сите животни, во соработка и со техничка консултација со Европската асоцијација за зоолошки градини и аквариуми (ЕАЗА). Создавањето на пристојни живеалишта за животните и место за релаксација на сите граѓани ќе се остварува и преку следниве чекори:
- Завршување на реконструкцијата на Зоолошката градина;
- Носење на нови животни и изградба на тропска куќа;
- Обезбедување на живеалиште на фоки;
- Едукативен центар за деца за запознавање со светската флора и фауна;
- Проект за живеалиште на жирафи;
- Проект за африканска савана.

**Образложение:**
Во текот на последните неколку години превземени се голем број на активности во насока на ревитализација на Зоолошката градина во Скопје. Пуштен е во употреба нов паркинг со капацитет од 93 возила. Донесен е голем број на нови животни, меѓу кои и жирафа, леопарди, фламинго, морски лавови, мајмуни – лемури, кенгури, камила, бизони, итн. Изработено е живеалиште на жирафи, проект за африканска савана, тропска куќа за мајмуните, како и едукативен центар во склоп на зоолошката градина. Живеалиштето за фоки е во изградба и се очекува наскоро да биде готово. За успешноста во ревитализацијата на Зоолошката градина говори и податокот дека посетеноста во последниве неколку години е неколкукратно зголемена, и тоа од околу 93 000 во 2009 година, на скоро 225 000 лица во 2011 година. Сепак, со оглед на тоа дека рокот за исполнување на ова ветување е септември 2010 година, а голем дел од активностите се завршени по истекот на тој рок, ова предизборно ветување се оценува како делумно исполнето. [Ажурирано на: 15.02.2013]

**Линкови:**
- Вечер (06.04.2010): Скокнаа двата нови кенгури [Пристапено на: 15.02.2013]
- Вечер (09.04.2010): Мајмуните од цртанот "Мадагаскар" стасаа во ЗОО [Пристапено на: 15.02.2013]
- Бркај Работа (25.10.2010): Фоторепортажа од Зоолошката градина во Скопје [Пристапено на: 15.02.2013]
- Прес 24 (20.03.2011): Нови живеалишта за слон и жирафа во Зоолошката градина [Пристапено на: 15.02.2013]
- Вест (05.09.2011): Фламинго во ЗОО [Пристапено на: 15.02.2013]
- Нет Прес (09.09.2011): Зоолошката градина доби нов паркинг за 93 возила [Пристапено на: 15.02.2013]
- Cooltura (24.02.2012): Зоо Скопје со уште една успешна година за себе [Пристапено на: 15.02.2013]
- Без Пардон (12.05.2012): Нов дом за мајмуните [Пристапено на: 15.02.2013]
- Нова Македонија (14.08.2012): На ноќна авантура со дивите животни [Пристапено на: 15.02.2013]
- Дневник (03.09.2012): Жирафата Орка се всели во Зоо-Скопје [Пристапено на: 15.02.2013]

**Оценка: Делумно исполнето**

## 11. Проект: Зголемување и одржување на зелените површини во градот Скопје

*РОК: КОНТИНУИРАНО*

**Опис на проектот:**
Градот Скопје е со интенција да го зголемува квалитетот на зелените површини, онаму каде е можно и ќе се труди кон создавање ново зеленило и одржување на постојното зеленило во парковите.

**Образложение:**
Со оглед на тоа дека во ова ветување не е напоменето кои и колку од површините во градот ќе бидат опфатени со активности за зголемување и одржување на зеленилото, претставува практично невозможно правилно да се истражи дали ова ветување е исполнето или не. Ова предизборно ветување се оценува како неконкретно. [Ажурирано на: 27.02.2013]

**Оценка: Неконкретно**

# VII. КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ, ПОДОБРУВАЊЕ НА КОМУНАЛНИТЕ УСЛУГИ И ЈАВНАТА ЧИСТОТА

## 1. Проект: Чисто Скопје

*РОК: КОНТИНУИРАНО*

**Опис на проектот:**
Во насока на подобрување на комуналната хигиена и јавна чистота на градот Скопје, набавка на 10 возила метларки и соодветен број посебни возила за собирање на отпад од индивидуални канти за комунален смет.

**Образложение:**
Во 2012 година, градот Скопје промовираше две нови возила метларки и пет мали камиони за собирање смет за потребите на ЈП „Комунална хигиена“. Во интервју дадено на почетокот на 2013 година, градоначалникот Трајановски потврдува дека во текот на својот мандат набавени се вкупно две возила метларки. Со оглед на тоа дека не е набавен предвидениот број на возила метларки, ова предизборно ветување се оценува како делумно исполнето. [Ажурирано на: 15.02.2013]

**Линкови:**

- Плус Инфо (03.02.2012)**:** „Комунална хигиена“ се опреми со две метларки и пет камиони за смет [Пристапено на: 15.02.2013]
- Глас на ВМРО-ДПМНЕ (21.01.2013)**:** Трајановски: Најкрупните проекти допрва доаѓаат [Пристапено на: 15.02.2013]

**Оценка: Делумно исполнето**

## 2. Проект: Воспоставување европски стандарди за управување со отпад во град Скопје

*РОК: ДЕКЕМВРИ 2010*

### Опис на проектот:

Воспоставување европски стандарди за менаџирање на отпадот во градот Скопје, т.е. негово селектирање, собирање, реупотреба и рециклирање. Воведување систем за трговија со корисните фракции и депонирање на она што не може да се искористи.

### Образложение:

На почетокот на 2013 година, потпишан е договор со италијанскиот конзорциум ФЦЛ Амбиенте и Униеко СЦЦ ЦООП за преземање под концесија на депонијата „Дрисла", со што во скоро време се очекува да отпочне процес на модернизирање на начинот на управување со отпадот во градот Скопје и воведување на европски стандарди при депонирањето и менаџирањето со истиот. Сепак, со оглед на тоа дека рокот за исполнување на ова предизборно ветување е декември 2010 година, а активностите сеуште не се започнати, ова ветување се оценува како неисполнето. [Ажурирано на: 18.03.2013]

### Линкови:

- Сител Телевизија (04.01.2013): Модернизација на депонијата Дрисла во Скопје [Пристапено на: 18.03.2013]

**Оценка: Неисполнето**

## 3. Проект: Изработка на студија за поефикасно управување со јавните претпријатија

*РОК: СЕПТЕМВРИ 2009 – СЕПТЕМВРИ 2010*

### Опис на проектот:

Подготовка на студија за поефикасно управување и работење на јавните претпријатија.

Образложение:

Во одговорот на барањето за слободен пристап до информации, општината наведе дека нема изработено студија за поефикасно управување со претпријатијата

**Оценка: Неисполнето**

## 4. Проект: Зимска служба

*РОК: 2010*

### Опис на проектот:

Унапредување на работата на зимската служба и зголемување на капацитетите со набавка на нови машини со цел навремено и успешно расчистување на улиците.

### Образложение:

Во 2012 година, преку јавен повик набавени се нови 14 возила за потребите на зимската служба во градот Скопје. Со оглед на тоа дека рокот за исполнување на ова предизборно ветување е 2010 година, а тоа е исполнето со задоцнување, ова ветување се оценува само како делумно исполнето. [Ажурирано на: 26.02.2013]

### Линкови:

- Нет Прес (16.11.2012)**:** Градот Скопје е подготвен за снегот [Пристапено на: 26.02.2013]
- Утрински Весник (16.11.2012)**:** Снегот може да дојде [Пристапено на: 26.02.2013]

**Оценка: Делумно исполнето**

## 5. Проект: Дрисла

*РОК: 2010*

### Опис на проектот:

Издвојување на Дрисла како посебен правен субјект, заради поефикасен третман со отпад.

### Образложение:

Во 2009 година, со одлука на Советот на град Скопје, депонијата „Дрисла“ се одвои од „Комунална хигиена“ како ново јавно претпријатие. На почетокот на 2013 година, депонијата „Дрисла“ беше дадена под концесија на италијанската фирма FCL Ambiente. Ова предизборно ветување е исполнето. [Ажурирано на: 15.02.2013]

### Линкови:

- Утрински Весник (30.09.2009)**:** Депонијата „Дрисла“ се одвои од „Комунална хигиена“ [Пристапено на: 15.02.2013]
- Сител Телевизија (04.01.2013)**:** Модернизација на депонијата Дрисла во Скопје [Пристапено на: 15.02.2013]

**Оценка: Исполнето**

### 6. Проект: Формирање на ЈП за погребални услуги

*РОК: ДЕКЕМВРИ 2009*

**Опис на проектот:**

Согласно со членот 14 од Законот за гробишта и погребални услуги (Службен весник на Република Македонија број 86 од 14.07.2008 година), дефинирана е можноста општината да го врши управувањето на гробиштата преку јавно претпријатие за комунални услуги или преку правно лице кое има дозвола за управување со гробишта, врз основа на јавен конкурс. Градот Скопје согласно со ставот 3 од овој закон, ќе формира ново јавно претпријатие за погребални услуги за вршење на работите, управување со гробишта, да води посебно сметководство за приходите остварени од вршењето на оваа дејност.

**Образложение:**

Не е формирано ново јавно претпријатие за погребални услуги. Градот Скопје се откажа од оваа идеја, и наместо тоа го избра досегашното претпријатие, АД Бутел, за управител во оваа област. Ова предизборно ветување не е исполнето. [Ажурирано на: 20.02.2013]

**Линкови:**

- Утрински Весник (24.02.2011): Градот му го загарантира монополот на АД „Бутел“ [Пристапено на: 20.02.2013]
- Дневник (24.02.2011): „Бутел“ останува монопол во цело Скопје [Пристапено на: 20.02.2013]

**Оценка: Неисполнето**

### 7. Проект: Искористување на технолошката вода за наводнување на градските површини и паркови

*РОК: 2010 – 2011*

**Опис на проектот:**

За реализација на овој проект веќе е изработена физибилити-студија, а потребно е да се изработи и главниот проект за искористување на технолошката вода за наводнување на градските површини и паркови, а во функција на заштита на водите од изворот Рашче и на зоните околу него.

**Образложение:**

Според информациите, до 2012 година изградени се околу 30 бунари со техничка вода за наводнување на јавните зелени површини, а според студијата на јавното претпријатие „Водовод и канализација“, на градот му се потребни 56 такви бунари. Техничка вода за наводнување на зелените површини се користи само во населбите Аеродром и Ново Лисиче, како и во Градскиот парк во Скопје. Со оглед на тоа дека рокот за исполнување на ова ветување е 2011 година, ова предизборно ветување се оценува како делумно исполнето. [Ажурирано на: 13.03.2013]

**Линкови:**

- Нова Македонија (09.04.2012): За градското зеленило вода само од бунари [Пристапено на: 13.03.2013]

**Оценка: Делумно исполнето**

## 8. Проект: Купување нови контејнери и канти за отпадоци

*РОК: АПРИЛ 2010*

**Опис на проектот:**

По пат на јавна набавка, а со цел доследна имплементација на Законот за јавна чистота, потребно е зголемување на бројот на контејнери во согласност со Законот за селективен отпад.

**Образложение:**

Во 2009 година градот Скопје доби три пратки од вкупно 1314 нови контејнери и 4500 нови канти за отпадоци како донација од Владата на Република Македонија. Во 2010 година беа набавени 400 нови корпи за отпадоци кои беа поставени во градот. Како дополнение на овој проект, во 2011 набавени се нови решеткави контејнери за селектирање на отпадот, а доделени се и 60 000 нови пластични канти за домаќинствата во градот. На почетокот на 2013 година започнат е новиот проект за поставување на подземни контејнери во градот Скопје. Ова предизборно ветување е исполнето. [Ажурирано на: 26.02.2013]

**Линкови:**

- Идивиди (11.05.2009): Градот Скопје доби 400 нови контејнери за собирање смет [Пристапено на: 26.02.2013]
- Официјален портал на град Скопје (19.08.2009): Добиена и втората пратка од контејнерите наменети за Скопје [Пристапено на: 26.02.2013]
- Официјален портал на град Скопје (08.10.2009): Комплетирана донацијата на контејнери за град Скопје [Пристапено на: 26.02.2013]
- Утрински Весник (15.11.2009): Скопје доби 4.500 нови канти за отпадоци [Пристапено на: 26.02.2013]
- Вечер (17.04.2010): Нови корпи за отпадоци [Пристапено на: 26.02.2013]
- Нова Македонија (04.01.2011): Решеткави контејнери за селекција на отпадот [Пристапено на: 26.02.2013]
- Канал 5 Телевизија (15.04.2011): Нови 116 жичени контејнери за Комунална Хигиена [Пристапено на: 26.02.2013]
- Идивиди (29.04.2011): Град Скопје почна со распределба на 60.000 пластични канти за домаќинствата [Пристапено на: 26.02.2013]
- Плус Инфо (01.11.2012): Словенци ќе ги поставуваат подземните контејнери во Скопје [Пристапено на: 26.02.2013]
- Нова Македонија (01.02.2013): Ѓубрето ќе се подига со подвижна платформа [Пристапено на: 26.02.2013]

**Оценка: Исполнето**

## 9. Проект: Згрижување на уличните кучиња

*РОК: 2011*

**Опис на проектот:**

Ќе се видат најдобрите практики при реализирање проект за згрижување на кучињата-скитници од улиците, при што ќе се овозможи поголема безбедност за граѓаните и ќе се зголеми нивото на јавната хигиена. Кучињата-скитници ќе бидат згрижени и третирани согласно со европските стандарди за заштита на животните.

**Образложение:**

Преземени се одредени активности во насока на решавање на проблемот со кучињата-скитници во градот Скопје. Сепак, според информациите, потребно е да се преземат уште дополнителни чекори за приближување на моменталната практика при постапувањето со кучињата-скитници кон европските стандарди за заштита на животните. Ова ветување е само делумно исполнето. [Ажурирано на: 05.03.2013]

**Линкови:**

- Официјален портал на град Скопје (17.07.2009)**:** Промовирана новата опрема за заловување улични кучиња [Пристапено на: 05.03.2013]
- Утрински Весник (12.10.2009)**:** Стационарот со зголемен капацитет [Пристапено на: 05.03.2013]
- Дневник (11.02.2013)**:** И кучињата-скитници да влезат во предизборните програми [Пристапено на: 05.03.2013]
- Нова Македонија (12.02.2013): Во „Вардариште“ нема место за сите кучиња-скитници [Пристапено на: 05.03.2013]

**Оценка: Делумно исполнето**

## 10. Проект: Изградба на џебови на коловозите за поставување контејнери за смет

*РОК: 2009*

**Опис на проектот:**

Отстранување на контејнерите со смет од коловозите и поставување на посоодветна локација. Се планира да се реализира овој проект до крајот на 2009 година, а секако е од големо значење за континуирано одвивање на сообраќајот во целата општина.

**Образложение:**

Проектот за изградба на 121 место (џебови) за поставување на контејнери е реализиран на почетокот на 2011 година. Со оглед на тоа дека рокот за исполнување на ова предизборно ветување е 2009 година, а тоа е исполнето со задоцнување, ова ветување се оценува само како делумно исполнето. [Ажурирано на: 26.02.2013]

**Линкови:**

- МРТ (05.01.2011): Се градат места за поставување контејнери на градските улици и булевари [Пристапено на: 26.02.2013]

**Оценка: Делумно исполнето**

### 11. Проект: Отстранување на хаварисани возила од јавните површини

*РОК: КОНТИНУИРАНО*

**Опис на проектот:**

Отстранувањето на хаварисани возила од територијата на градот како дел од проектите кои континуирано ќе бидат реализирани во наредниот период, сè со цел да се даде современ лик на градот Скопје.

**Образложение:**

Во координација со градот Скопје, скопските општини неколку пати досега имаат организирано акции за отстранување на хаварисаните возила од јавните површини. Сепак, вакви возила сеуште може да се забележат низ улиците и паркинзите во градот, и потребно е да се преземат дополнителни активности за целосно отстранување на овој проблем. Ова предизборно ветување се оценува како делумно исполнето. [Ажурирано на: 20.02.2013]

**Линкови:**

- Нова Македонија (22.10.2011): Хаварисаните возила узурпираат паркинг-простор [Пристапено на: 20.02.2013]
- Нова Македонија (07.08.2012): Се kријат сопствениците на хаварисани возила [Пристапено на: 20.02.2013]

**Оценка: Делумно исполнето**

## VIII. ПОЕФИКАСЕН И ПОБЕЗБЕДЕН СООБРАЌАЈ

### 1. Проект: Набавка на нови автобуси за градски превоз

*РОК: 2009 – 2011*

**Опис на проектот:**

Покрај набавката на 300 автобуси од страна на Владата на РМ, градот Скопје по потреба ќе продолжи со обновување на возниот парк на ЈСП.

**Образложение:**

Набавени се 312 нови автобуси, но сите тие се донација од Владата на Република Македонија и не можат да се запишат како заслуга на скопскиот градоначалник. Покрај овие автобуси, не

постојат информации дека дополнително се набавени нови автобуси од страна на градот Скопје. Вака поставено, ова ветување воопшто не требало да влезе во предизборната програма на градоначалникот Трајановски и се оценува како недоследно. [Ажурирано на: 12.02.2013]

**Линкови:**

- МКД.мк (03.01.2013): Скопје ги доби сите 312 нови автобуси [Пристапено на: 12.02.2013]

**Оценка: Недоследно**

## 2. Проект: Лиценцирање на превозниците во градскиот сообраќај

*РОК: ЈАНУАРИ 2010*

### Опис на проектот:

Од јануари 2010 ќе се воведе лиценцирање на превозниците во градскиот сообраќај, со цел регулирање на процесот на издавање лиценци, дозволи и регистрирација на возните редови за вршење на градскиот линиски превоз. Автобуските линии ќе се распределуваат преку транспарентна постапка која ќе биде утврдена од Советот на градот Скопје.

### Образложение:

За ветувањето не успеавме да најдеме информации на интернет, но затоа испративме барање за слободен пристап до информации до Град Скопје, на кое се уште немаме добиено одговор. Поради тоа, ова ветување не се оценува.

## 3. Проект: Изградба на пешачки патеки од двете страни на реката Вардар

*РОК: 2009 – 2010*

### Опис на проектот:

Во насока на поттикнување на граѓаните на Скопје на повеќе рекреација, ќе се изградат пешачки патеки од двете страни на реката Вардар.

### Образложение:

На одредени делови од левата страна од кејот на реката Вардар, на потегот од булеварот Гоце Делчев до булеварот 8 Септември и потегот од центарот на градот до фабриката "Комуна", изградени се ролерско-велосипедски патеки во склоп на која има и патека за движење и рекреирање на пешаци. Сепак, големи делови од левата страна од кејот на реката Вардар сеуште се без соодветна пешачка патека. И на десната страна од кејот на реката Вардар, пешачката патека не е целосно комплетирана и постојат делови кои што не се подобни за пешачење и рекреација. Според тоа, ова предизборно ветување се оценува како делумно исполнето [Ажурирано на: 05.03.2013]

**Линкови:**

- Вечер (17.07.2010): Ролерџиите ќе возат и по левиот брег на Вардар [Пристапено на: 05.03.2013]
- Build.mk (13.03.2012): Новата ролерско – велосипедска патека на левиот брег на Вардар пуштена во употреба без изграден мост [Пристапено на: 05.03.2013]

**Оценка: Делумно исполнето**

## 4. Проект: Прилагодување на делови од пешачките патеки по должината на реката Вардар за лицата со посебни потреби

*РОК: 2009 – 2010*

**Опис на проектот:**

За рекреација на лицата со посебни потреби, потребно е прилагодување на делови на пешачките патеки по должината на реката Вардар.

**Образложение:**

На повеќе места по должината на пешачката патека на кејот на Вардар изградени се пристапни рампи со цел олеснување на користењето на патеките од страна лицата со посебни потреби. Ова предизборно ветување е исполнето [Ажурирано на: 27.02.2013]

**Линкови:**

- Нет Прес (28.07.2009): Пуштена велосипедската патека во општина Аеродром [Пристапено на: 27.02.2013]

**Оценка: Исполнето**

## 5. Проект: Изградба на подземни премини

*РОК: КОНТИНУИРАНО*

**Опис на проектот:**

Во насока на зголемување на безбедноста на пешаците во сообраќајот, градот Скопје ќе изгради подземни пешачки премини на следните локации: на ул. „Македонија“, кај Мекдоналдс, на „Партизанска“ кај Градежен факултет, на Битпазар, на бул. „Александар Македонски“ кај Алкалоид, на бул. „Јане Сандански“ кај Лептокарија.

**Образложение:**

Досега не е изграден ниту еден од предвидените подземни пешачки премини. Има информации дека на булеварот „Александар Македонски“, на локацијата кај Алкалоид, наместо подземен пешачки премин одлучено е да се изгради надвозник. Ова предизборно ветување не е исполнето. [Ажурирано на: 14.02.2013]

**Линкови:**

- Утрински Весник (10.08.2012)**:** Нов надвозник наместо подземен премин во Автокоманда [Пристапено на: 14.02.2013]

**Оценка: Неисполнето**

**6. Проект: Подобрување и проширување на велосипедските патеки во градот Скопје**

*РОК: СЕПТЕМВРИ 2010*

**Опис на проектот:**

Заради промовирање на велосипедскиот сообраќај како поздрава и поеколошка алтернатива на моторниот сообраќај, градот Скопје ќе изврши проширување и рехабилитација на постојните велосипедски патеки во Скопје со цел овозможување на непречено одвивање на велосипедскиот сообраќај.

**Образложение:**

Во насока на промовирање на велосипедскиот сообраќај во градот, во последните неколку години градот Скопје има извршено реконструкција на дел од постојните велосипедски патеки, како и изградба на неколку нови. Во 2009 година е реконструирана велосипедската патека на мостот „Обединети Нации“во Карпош, како и велосипедската патека во Аеродром. Во 2010 година пуштени се во употреба новата велосипедска патека на левата страна на реката Вардар и новата велосипедска патека на булеварот Никола Карев. Во 2011 година пуштена е во употреба новата велосипедска патека до мостот „Близнак“, додека во 2012 година новата велосипедска патека на потегот од булеварот Гоце Делчев до булеварот 8 Септември. Сепак, и покрај овие неколку зафати, постојат информации кои велат дека добар дел од велосипедските патеки во Скопје не се одржуваат и пропаѓаат поради негрижа. Исто така се реагира дека при проширувањето на постојните булевари или изградба на нови, се заборава на велосипедскиот сообраќај, односно не се градат соодветни велосипедски патеки. Според сево ова, може да се заклучи дека ова предизборно ветување е само делумно исполнето. [Ажурирано на: 12.02.2013]

**Линкови:**

- Официјален портал на град Скопје (17.06.2009)**:** Почна асфалтирањето на велосипедската патека на „Обединети Нации“ [Пристапено на: 12.02.2013]
- Утрински Весник (21.10.2009)**:** Пуштена обновената велосипедска патека во Аеродром [Пристапено на: 12.02.2013]
- Вечер (17.07.2010)**:** Ролерџиите ќе возат и по левиот брег на Вардар [Пристапено на: 12.02.2013]
- Официјален портал на град Скопје (29.09.2010)**:** Нова пешачка патека по должината на булеварот Никола Карев [Пристапено на: 12.02.2013]
- Официјален портал на град Скопје (05.07.2011)**:** Пуштена во употреба ролерско-велосипедската патека до мостот „Близнак“ [Пристапено на: 12.02.2013]
- Build.mk (13.03.2012)**:** Новата ролерско – велосипедска патека на левиот брег на Вардар пуштена во употреба без изграден мост [Пристапено на: 12.02.2013]

*Оценето од: Дејан Димитриевски и Наталија Пешиќ*

- Утрински Весник (30.11.2012): Улиците и за велосипеди [Пристапено на: 12.02.2013]
- Build.mk (30.05.2011): Пропаѓаат рекреативните велосипедски патеки во Скопје [Пристапено на: 12.02.2013]

**Оценка: Делумно исполнето**

## 7. Проект: Натстрешници за јавни автобуски постојки

*РОК: СЕПТЕМВРИ 2010*

### Опис на проектот:

Финализација на проектот за јавни автобуски постојки кои ќе создадат подобри услови за користење на јавниот превоз во градот Скопје, од каде и произлегува и потребата за нивно поставување. Вака изградените нови натстрешници ќе обезбедат не само подобрување на постојките, туки и подобрување на изгледот на градот.

### Образложение:

И покрај тоа што овој проект беше најавуван во неколку наврати, сепак тој сеуште не е реализиран. Првиот тендер за избор на концесионер за изработка на овој проект беше објавен во 2010 година, на него се пријавија 4 фирми, но тој пропадна поради технички недостатоци. Наредната година беше објавен втор тендер на кој се пријавија две фирми. И покрај тоа што на овој тендер беше избрана грчката фирма „Ремеди адвертајзинг“, на крајот и оваа постапка пропадна поради немање на финансии од страна на концесионерот. По ова Јавното Сообраќајно Претпријатие се одлучи да се откаже од идејата за јавно-приватно партнерство и сама да ја финансира изработката на овој проект. Во 2012 беше објавен оглас за изработка на новите автобуски постојки на кој беше избрана компанијата „Турбоинженеринг“. Според последните информации, се очекува првите 50 постојки да бидат готови во април 2013 година. Ова предизборно ветување не е исполнето. [Ажурирано на: 12.02.2013]

### Линкови:

- Утрински Весник (12.02.2010): Скопјани ќе добијат нови настрешници на постојките [Пристапено на: 12.02.2013]
- Нова Македонија (18.08.2010): Со концесија до поубави 292 автобуски станици [Пристапено на: 12.02.2013]
- Утрински Весник (22.07.2011): Грчка и турска фирма во трка за изградба на автобуските постојки [Пристапено на: 12.02.2013]
- Нова Македонија (03.02.2012): Нови автобуски станици за девет месеци [Пристапено на: 12.02.2013]
- Утрински Весник (13.07.2012): Пропадна зделката за нови автобуски постојки [Пристапено на: 12.02.2013]
- Build.mk (05.12.2012): „Турбоинженеринг“ ќе ги изработи новите автобуски постојки во Скопје [Пристапено на: 12.02.2013]

**Оценка: Неисполнето**

*Оценето од: Дејан Димитриевски и Наталија Пешиќ*

### 8. Проект: Воспоставување "зелени бранови" на најфреквентните сообраќајници во градот

*РОК: КОНТИНУИРАНО*

**Опис на проектот:**

„Зелени бранови" ќе се воспостават на следниве делови од градот Скопје:
- од Скопски саем до Соборен храм, по „Партизанска" - од Соборен храм до Порта Влае,
- по Јужен булевар, од Ново Лисиче до Порта Влае, во Аеродром - по бул. „Јане Сандански" и бул. „Србија", во Кисела Вода - по бул. „Првомајска".

**Образложение:**

Во изминативе неколку години, воспоставени се таканаречени „зелени бранови" на повеќе локации во градот. Ова предизборно ветување е исполнето. [Ажурирано на: 05.03.2013]

**Линкови:**

- Нова Македонија (16.09.2009): Од денеска зелен бран и кај МТВ [Пристапено на: 05.03.2013]
- Утрински Весник (05.10.2010): Зелен бран низ цело Скопје [Пристапено на: 05.03.2013]
- Утрински Весник (03.03.2010): Зелен бран кај комплексот банки [Пристапено на: 05.03.2013]
- Дневник (05.07.2012): Воведен "зелен бран" на Партизанска [Пристапено на: 05.03.2013]

**Оценка: Исполнето**

## IX. ИЗГРАДБА, ПОПРАВКА И ОДРЖУВАЊЕ НА БУЛЕВАРИ И УЛИЦИ

### 1. Проект: Подобрување на патната инфраструктура во градот Скопје

*РОК: 2009 – 2012*

**Опис на проектот:**

Во четиригодишниот мандат ќе се работи на подобрување на следните делници:
- доизградба на ул. „Македонска војска" до стадионот на ФК „Македонија" во Ѓорче Петров,
- реконструкција на ул. „Благоја Стефковски" од бул. „Александар Македонски" до 33 „Напредок"
- поврзување на бул. Христијан Тодоровски Карпош со заобиколницата.

**Образложение:**

Од предвидените три делници досега се завршени две. Во 2010 година е завршена реконструкцијата на улицата „Благоја Стефковски", додека во 2011 година завршена е

изградбата на улицата „Македонска војска“ до стадионот на ФК „Македонија“ во Ѓорче Петров. Булеварот Христијан Тодоровски Карпош е предвиден да се реновира во 2013 година, но во тоа реновирање нема да влезе и поврзување на булеварот со заобиколницата. Ова предизборно ветување е делумно исполнето. [Ажурирано на: 14.02.2013]

**Линкови:**

- Плус Инфо (01.06.2011)**:** Булеварот Македонска војска отворен за сообраќај [Пристапено на: 14.02.2013]
- Build.mk (30.09.2010)**:** Заврши реконструкцијата на улицата Благоја Стефковски [Пристапено на: 14.02.2013]
- Build.mk (09.02.2013)**:** Се подготвува реконструкција и проширување на дел од булеварот „Христијан Тодоровски Карпош“ [Пристапено на: 14.02.2013]

**Оценка: Делумно исполнето**

## 2. Проект: Реконструкција на булевари и улици

*РОК: КОНТИНУИРАНО*

**Опис на проект:**

Сите булевари и улици кои се во надлежност на градот Скопје.

**Образложение:**

Со оглед на тоа дека во ова ветување не е напоменето точно кои булевари и улици ќе бидат опфатени со процесот на реконструкција, претставува практично невозможно правилно да се истражи дали ова ветување е исполнето или не. Едно ветување од предизборна програма не би смеело да биде составено толку општо. Ова предизборно ветување се оценува како неконкретно. [Ажурирано на: 27.02.2013]

**Оценка: Неконкретно**

## 3. Проект: Проширување на бул. „Цветан Димов“

*РОК: 2013*

**Опис на проект:**

Со ова ќе се надминат проблемите со сообраќај, во овој дел од Чаир. Претходно треба да се расчистат имотно-правни односи.

**Образложение:**

И покрај тоа што идејата за реконструкција на булеварот „Цветан Димов“ се споменува веќе неколку години, проширување на овој булевар сеуште не е извршено. Ова предизборно ветување не е исполнето. [Ажурирано на: 14.02.2013]

**Линкови:**

- Дневник (20.01.2013): Џабе „Цветан Димов“ ќе се прошири ако Чаир ги мазни несовесните [Пристапено на: 14.02.2013]

**Оценка: Неисполнето**

## 4. Проект: Проширување на бул. „Првомајска“ од семафорите кај Усје кон населбата Драчево

*РОК: 2012*

**Опис на проект:**

Ќе се подобри сообраќајната комуникација на Пинтија, Драчево и останатите населени места, од тој дел со градот Скопје.

**Образложение:**

Булеварот Борис Трајковски (поранешна „Првомајска“) е реконструиран на потегот од Рампа до Расадник. Проширувањето на булеварот кон населбата Драчево е планирано за наредната фаза од овој проект. Со оглед на тоа дека рокот за исполнување е истечен, ова предизборно ветување не е исполнето. [Ажурирано на: 14.02.2013]

**Линкови:**

- Дневник (30.10.2012): „Првомајска“ стана булевар [Пристапено на: 14.02.2013]

**Оценка: Неисполнето**

## 5. Проект: Проширување на бул. Илинден од фонтана лотосов цвет кон Карпош и Ѓорче Петров

*РОК: 2012*

**Опис на проектот:**

Ова е еден од проектите со кои ќе се допринесе за намалување на сообраќајниот хаос во градот.

**Образложение:**

Досега е завршено проширувањето на еден дел од булеварот „Илинденска“, на потегот од фонтаната Лотосов Цвет до бензинската пумпа на Макпетрол во близина на Воената болница. Во тек се градежните активности за проширување на булеварот на потегот од бензинската пумпа на Макпетрол до улицата „Љубљанска“ во Карпош. Со оглед на тоа дека рокот за исполнување е истечен, а градежните активности се сеуште во тек, ова предизборно ветување се оценува како делумно исполнето. [Ажурирано на: 14.02.2013]

**Линкови:**

- Утрински Весник (21.09.2010)**:** Конечно булевар „Илинден“ [Пристапено на: 14.02.2013]
- Build.mk (26.07.2012)**:** Продолжува проширувањето на булеварот Илинден, ќе се проширува и улицата Манапо [Пристапено на: 14.02.2013]

**Оценка: Делумно исполнето**

## 6. Проект: Проширување и доизградба на бул. „Србија“

*РОК: 2012*

**Опис на проектот:**

Ќе се подобри сообраќајната комуникација меѓу Аеродром и Кисела Вода

**Образложение:**

Реновираниот и проширен булевар „Србија“ беше пуштен во употреба на 13 април 2011 година. Ова предизборно ветување е исполнето. [Ажурирано на: 14.02.2013]

**Линкови:**

- Нова Македонија (14.04.2011)**:** Булеварот Србија пуштен во употреба [Пристапено на: 14.02.2013]
- Прес 24 (13.04.2011)**:** Скопје: Свечено отварање на булевар Србија [Пристапено на: 14.02.2013]

**Оценка: Исполнето**

## 7. Проект: Целосна реконструкција на Бит Пазар, а со тоа и обезбедување паркинг-простор за возилата кои би го користеле пазарот

*РОК: 2012*

**Опис на проектот:**

Овој проект е од интерес не само на општината Чаир, туку и на градот Скопје, поради што и ќе се даде максимален придонес за решавање на проблемите со немање на паркинг-место, а исто така и ќе се подобри значително сообраќајот кој е доста активен во овој дел од градот и им создава големи проблеми на граѓаните.

**Образложение:**

И покрај тоа што е истечен рокот за исполнување на ова ветување, Бит Пазар досега не е реконструиран. За во иднина постојат најави дека се планира на местото на пазарот да се изгради затворен маркет и катна гаража. Ова предизборно ветување не е исполнето. [Ажурирано на: 14.02.2013]

**Линкови:**

- Дневник (25.09.2012): Маркет и катна гаража на местото на Бит-пазар [Пристапено на: 14.02.2013]

**Оценка: Неисполнето**

## 8. Проект: Изградба на подземен и надземен сегмент на бул. „Македонија“

*РОК: 2012*

**Опис на проектот:**

Ќе се направи правна и урбанистичка подготовка, со цел да се создадат услови за изградбата на оваа делница на булеварот „Македонија“. (зад Т.Ц „Рамстор“)

Образложение:

Во одговорот на барањето за слободен пристап до информации, општината наведе дека овој проект е во тек и се уште не е завршен, иако рокот за тоа бил крајот на 2012 година.

**Оценка: Неисполнето**

## 9. Проект: Изградба на бул. „Митрополит Теодосиј Гологанов“

*РОК: 2012*

**Опис на проектот:**

Ќе се направи правна и урбанистичка подготовка, со цел да се создадат услови за изградбата на оваа делница на булевар „Македонија“.

**Образложение:**

Досега се завршени две фази од проектот за проширување и реконструкција на булеварот „Митрополит Теодосиј Гологанов “. Во првата фаза беше проширен делот помеѓу улиците Франклин Рузвелт и Костурски херои, како и изграден кружен тек на вкрстувањето на улиците Митрополит Теодосиј Гологанов, Мито Хаџивасилев Јасмин и Костурски херои. Во втората фаза проширена беше делницата од улицата Франклин Рузвелт до крстосницата со улицата Братфордска и булеварот 8-ми Септември. Со оглед на тоа дека досега не само што е направена правна и урбанистичка подготовка, туку и се завршени две фази од проектот за проширување и реконструкција на булеварот, ова предизборно ветување се оценува како исполнето. [Ажурирано на: 05.03.2013]

**Линкови:**

- Build.mk (07.10.2011): Теодосиј Гологанов од денеска со четири ленти [Пристапено на: 05.03.2013]
- Build.mk (28.10.2012): Проширена уште една делница на Теодосиј Гологанов [Пристапено на: 05.03.2013]

**Оценка: Исполнето**

## 10. Проект: Подготовка и почеток на изградба на подземен коридор од „Партизанска“ до комплекс банки

*РОК: 2013*

### Опис на проектот:

Градот Скопје, заедно со Владата на РМ ќе направи подготовка и ќе почне со изградба на овој значаен коридор, со кој ќе се подобри сообраќајот во градот.

### Образложение:

На 30 март 2012 година, градот Скопје потпиша договор со шпанската проектантска куќа ИДОМ за изработка на основен градежен проект за подземната сообраќајница. На почетокот на 2013 година беше објавен тендер од страна на град Скопје за избор на компанија која ќе ја изгради подземната сообраќајница од „Партизанска“ до Комплекс Банки. Сепак, до истекот на мандатот на градоначалникот Трајановски не е започнато со изградба на оваа подземна сообраќајница. Поради тоа, ветувањето се оценува како делумно исполнето. [Ажурирано на: 14.02.2013]

### Линкови:

- Официјален портал на град Скопје (29.03.2012): Покана [Пристапено на: 14.02.2013]
- Точка (09.01.2013): Распишан тендер за изградба на подземна улица во Скопје [Пристапено на: 14.02.2013]

**Оценка: Делумно исполнето**

## 11. Проект: Изградба на пешачки мост и паркинг

*РОК: 2010*

### Опис на проектот:

За потребите на проширениот Градски стадион, изградбата на паркинг на левата страна од реката Вардар и пешачки мост за спојување на паркингот со Стадионот.

### Образложение:

Паркинг од левата страна на реката Вардар и пешачки мост кој ќе ги поврзува паркингот и Градскиот стадион сеуште не се изградени. Ова предизборно ветување не е исполнето. [Ажурирано на: 20.02.2013]

### Линкови:

- Дневник (23.08.2011): Центар ќе гради обиколница околу Градски стадион [Пристапено на: 20.02.2013]

**Оценка: Неисполнето**

## 12. Проект: Нов пешачки мост на реката Вардар

*РОК: 2012*

**Опис на проектот:**

Градот Скопје, во соработка со општината Центар и со Владата на Р.М., ќе ја разгледа можноста за поврзување на Градскиот Трговски Центар со новите содржини на левата страна на р. Вардар.

**Образложение:**

Едно ветување во предизборна програма не би смеело да ги содржи зборовите „Ќе се разгледа можноста". Начинот на кој е составено ова предизборно ветување е неконкретен. Инаку мора да се напомене дека на потегот помеѓу Камениот мост и мостот кај хотелот Холидеј Ин се градат два нови мостови што ќе го поврзуваат Градскиот Трговски Центар со новите објекти на левата страна на реката Вардар. [Ажурирано на: 28.02.2013]

**Линкови:**

- A1on (07.10.2012)**:** ФОТО: „Мост на уметноста" [Пристапено на: 28.02.2013]
- Вечер (25.01.2013)**:** "Мостот Око" готов најдоцна до мај [Пристапено на: 28.02.2013]

**Оценка: Неконкретно**

## 13. Проект: Компјутеризација на семафорите со видеонадзор и патна сигнализација

*РОК: ДЕКЕМВРИ 2010*

**Опис на проектот:**

Ревитализација и комплетно опремување на семафорите со видеонадзор, со цел да се намалат сообраќајните прекршоци и несреќи во градот.

**Образложение:**

Според информациите, над 100 позиции во главниот град се покриени со безбедносни камери. Сепак, видеонадзорот во главниот град сеуште не функционира, поради тоа што градскиот центар за управување и контрола на сообраќајот, кој што би требало да раководи со целиот процес, сеуште не е оперативен. Ова ветување се оценува како делумно исполнето. [Ажурирано на: 19.02.2013]

**Линкови:**

- Build.mk (26.02.2012)**:** Градот Скопје го оживува проектот за автоматизирано управување со собраќајот [Пристапено на: 19.02.2013]
- Дневник (03.01.2013)**:** Камерите им прогледуваат низ прсти на возачите [Пристапено на: 19.02.2013]

**Оценка: Делумно исполнето**

## 14. Проект: Ќе се разгледа можноста за проширување на бул. Св. Климент Охридски

*РОК: 2009*

**Опис на проектот:**

Ќе се разгледа можноста за проширување на Бул. Св. Климент Охридски за додавање на уште по една коловозна лента во двете насоки.

**Образложение:**

Едно ветување во предизборна програма не би смеело да започне со зборовите „Ќе се разгледа можноста“. Начинот на кој е составено ова предизборно ветување е неконкретен. Инаку мора да се напомене дека е извршено проширување на булеварот со додавање на уште по една коловозна лента во двете насоки. [Ажурирано на: 27.02.2013]

**Линкови:**

- Нова Македонија (15.08.2012): Пуштен во употреба булеварот Свети Климент Охридски [Пристапено на: 27.02.2013]

**Оценка: Неконкретно**

## 15. Проект: Поставување на вертикална сигнализација

*РОК: КОНТИНУИРАНО*

**Опис на проектот:**

Поставување на нова соодветна вертикална сигнализација со соодветни патокази, ознаки за улиците, како и за знаменитостите во градот.

**Образложение:**

Во текот на изминатите неколку години превземени се активности за замена на постојната и поставување на нова вертикална сигнализација во градот. Во таа насока поставени се голем број на нови сообраќајни знаци, патокази, ознаки за улиците и знаменитостите во градот. Ова предизборно ветување е исполнето. [Ажурирано на: 19.02.2013]

**Линкови:**

Официјален портал на град Скопје (19.10.2010): Продолжува поставувањето сообраќајни знаци и обележување на улиците и на булеварите во град Скопје [Пристапено на: 19.02.2013]
Нова Македонија (05.04.2011): Нови сообраќајни знаци по улиците [Пристапено на: 19.02.2013]
ЈП Улици и Патишта - Скопје (07.12.2012): Поставена вертикална и обележана хоризонтална сигнализација [Пристапено на: 19.02.2013]
Нова Македонија (27.12.2012): Градот се кити и со патокази [Пристапено на: 19.02.2013]

**Оценка: Исполнето**

### 16. Проект: Усогласување на пешачките патеки и тротоари за лицата со посебни потреби

*РОК: КОНТИНУИРАНО*

**Опис на проектот:**

Со реализирање на овој проект, односно со усогласување на пешачките патеки и тротоари за лицата со посебни потреби во согласност со европските стандарди, се посветува посебно внимание на оваа група граѓани, сè со цел да се овозможат услови за нивно подобро вклопување во општественото живеење.

**Образложение:**

Преземени се одредени активности во насока на усогласување на пешачките патеки и тротоари за лицата со посебни потреби, но тоа што е направено досега е сеуште недоволно за да им се олесни движењето на оваа група на лица. Ова ветување е само делумно исполнето. [Ажурирано на: 05.03.2013]

**Линкови:**

- Телма Телевизија (03.12.2012)**:** Бариерите се уште стојат пред лицата со посебни потреби [Пристапено на: 05.03.2013]

**Оценка: Делумно исполнето**

## X. ПАРКИРАЊЕ И ГРАДСКА ПАЈАК-СЛУЖБА

### 1. Проект: Зголемување на паркинг-капацитетите

*РОК: 2012*

**Опис на проектот:**

Преку ревидирање на постојните паркинг-простори во градот Скопје ќе се утврди план за обезбедување соодветен паркинг-простор, согласно со потребите на возниот парк на физичките и правните лица во Скопје. На овој начин ќе се овозможи изградба на нови паркинзи и елиминација на паркинзите кои претставуваат пречка во сообраќајот.

**Образложение:**

Во текот на изминатите неколку години превземени се активности кон зголемувањето на паркинг-капацитетите во градот Скопје. Отворени се повеќе нови паркинзи, меѓу кои тој кај Зоолошката градина (93 места), кај МРТ (130 места), кај Транспортен центар (50 места), во Автокоманда (60 места), кај Градска болница (100 места), кај касарната „Гоце Делчев“ (230 места), на булеварот АВНОЈ (120 места), итн. Изградени се и пуштени во употреба и неколку катни гаражи. Со превземање на овие активности, значително е зголемен капацитетот на паркинг-просторите во Скопје. Ова предизборно ветување е исполнето.[Ажурирано на: 19.02.2013]

*Оценето од: Дејан Димитриевски и Наталија Пешиќ*

**Линкови:**

- Дневник (01.11.2010): Нов паркинг кај МРТ, 25 денари од час [Пристапено на: 19.02.2013]
- Плус Инфо (09.09.2011): Зоолошка доби нов бесплатен паркинг [Пристапено на: 19.02.2013]
- Плус Инфо (12.10.2011): Обновен паркингот на улица Васко Карангелевски [Пристапено на: 19.02.2013]
- Нова Македонија (09.11.2011): Нов паркинг под Транспортниот центар [Пристапено на: 19.02.2013]
- Вечер (08.03.2012): 120 нови паркинг-места за населбата Јане Сандански [Пристапено на: 19.02.2013]
- Утрински Весник (24.04.2012): Отворен нов паркинг во Аеродром [Пристапено на: 19.02.2013]
- Build.mk (13.09.2012): Нови 275 паркинг места во центарот на Скопје [Пристапено на: 19.02.2013]
- Сител Телевизија (31.10.2012): Сто нови паркинг места пред ГОБ “8-ми Септември” [Пристапено на: 19.02.2013]

**Оценка: Исполнето**

## 2. Проект: Изградба на катни гаражи во централното градско подрачје

*РОК: 2011 – 2012*

**Опис на проектот:**

Градот Скопје, преку соодветна постапка ќе овозможи изградба на нова катна гаража во централното градско подрачје, согласно со Деталниот урбанистички план и во соработка со Владата ќе се изградат неколку подземни катни гаражи, со цел дополнително намалување на сообраќајниот метеж и зголемување на капацитетите за паркинг во централното градско подрачје и отварање нови работни места.

**Образложение:**

Во тек е изградбата на две нови катни гаражи во централното градско подрачје на кои инвеститор е градот Скопје. Едната е скоро готова и се наоѓа на улицата „Мито Хаџивасилев - Јасмин“ кај стариот цветен пазар, а другата е во тек и се наоѓа на улицата„Даме Груев“ кај Лотарија на Македонија. Дополнително, започната е постапката за изградба на три нови подземни катни гаражи, кај Македонската опера и балет, кај Собранието на Р. Македонија и на булеварот „Св. Климент Охридски“. Сепак, со оглед на тоа дека сите овие активности се во тек и не се завршени, ова ветување се оценува како делумно исполнето. [Ажурирано на: 27.02.2013]

**Линкови:**

- Build.mk (07.09.2012): „Макоил" го изгуби земјиштето, се бара нов инвеститор за подземниот паркинг кај македонското собрание [Пристапено на: 27.02.2013]
- Build.mk (07.09.2012): Скопски „Бетон" ќе гради подземна гаража на две нивоа кај Македонската опера и балет [Пристапено на: 27.02.2013]
- Build.mk (22.09.2012): Катната гаража спроти „Макпетрол" наскоро готова, за онаа кај „Беко" ќе се раскинува договорот [Пристапено на: 27.02.2013]
- Build.mk (28.10.2012): Подземна гаража ќе се гради спроти „Кинг Бургер" [Пристапено на: 27.02.2013]
- Build.mk (06.12.2012): Скопски „Бетон" ќе ја догради катната гаража кај „Беко". [Пристапено на: 27.02.2013]

**Оценка: Делумно исполнето**

## 3. Проект: Набавка на 10 нови пајак-возила и отворање две нови депоа

*РОК: 2010*

**Опис на проектот:**

Со набавката на нови пајак-возила ќе се зголеми ефикасноста на пајакот, а ќе се постигне и главната цел, да се ослободат улиците од непрописно паркираните возила.

**Образложение:**

Во 2010 година набавени се 3 нови пајак-возила. Моментално трае постапката за набавување на уште 2, кои би требало да пристигнат во март или април 2013 година. И покрај најавите дека ќе се отворат 2 нови депоа на пајак-службата, вакви депоа сеуште не се отворени. Во Програмата за инвестиции за 2010 година на ЈП „Градски паркинг" - Скопје беше предвидено да се обезбедат уште две локации за стационирање на отстранети непрописно запрени, паркирани и хаварисани возила од јавните површини на градот, но сепак тоа не се оствари. Со оглед на тоа дека е ветено дека ќе се набават 10 нови пајак-возила и ќе се отворат 2 нови депоа, а исполнето е само дел од ова верување, ветувањето се оценува како делумно исполнето. [Ажурирано на: 19.02.2013]

**Линкови:**

- Вест (12.10.2009): Три нови пајаци на улиците наредната година [Пристапено на: 19.02.2013]
- Дневник (14.01.2013): Две нови пајак-возила за „Градски паркинг" [Пристапено на: 19.02.2013]

**Оценка: Делумно исполнето**

### 4. Проект: Продолжување со зонско паркирање во градот Скопје

*РОК: КОНТИНУИРАНО*

**Опис на проектот:**

Обележување на улиците каде има техничка можност за паркинг, како и поставување на бројачи на паркинг-места е проект чија реализација ќе доведе до решавање во дел на проблемот со недостаток на слободен паркинг-простор, особено во центарот на градот Скопје, како и на другите фреквентни локации.

**Образложение:**

Во насока на решавање на проблемот со паркирањето во градот Скопје, воведен беше проектот зонско паркирање. Со зонското паркирање Скопје е поделено на 4 зони, од кои првите три зони го чинат јадрото или централното градско подрачје, а последната зона која е во процес на имплементирање го опфаќаат преостанатиот дел од градот, односно: општина Аеродром, општина Кисела Вода, општина Чаир, општина Карпош и општина Ѓорче Петров. Сепак, мора да се напомене дека на паркинзите сеуште не се поставени бројачи на паркинг-места како што е најавено во проектот. Според тоа, ова ветување се оценува само како делумно исполнето. [Ажурирано на: 20.02.2013]

**Линкови:**

- ЈП Градски Паркинг: Паркирањето станува полесно за сите [Пристапено на: 20.02.2013]
- ЈП Градски Паркинг (14.01.2013): Опфат на површината на Проектот за зонско паркирање [Пристапено на: 20.02.2013]

**Оценка: Делумно исполнето**

## XVI. СПОРТ

### 1. Проект: Изградба на фискултурна спортска сала во рамки на средно училиште „Зефљуш Марку“

*РОК: ВО ТЕКОТ НА 2009 - 2011 ГОДИНА*

**Опис на проектот:**

Во соработка со Владата на Република Македонија, ќе се реализира изградба на спортска сала, со вкупна површина од 1300 м2.

**Образложение:**

Спортската сала во склоп на средното училиште „Зеф Љуш Марку“ беше пуштена во употреба на 13 јануари 2013 година. Салата е со вкупна површина од 1300 м2, има капацитет од 400 седишта, а за нејзината изградба потрошени се 40 милиони денари. Сепак, ако се земе во предвид дека поставениот рок за изградба на оваа сала е 2011 година, а таа е пуштена во

употреба на почетокот на 2013 година, ова предизборно ветување се оценува само како делумно исполнето. [Ажурирано на: 11.02.2013]

**Линкови:**

- Канал 5 Телевизија (13.01.2013)**:** Средното училиште „Зеф Љуш Марку“ во општина Бутел доби спортска сала. [Пристапено на: 11.02.2013]

**Оценка: Делумно исполнето**

## 2. Проект: Изградба на фискултурна спортска сала во рамки на средно училиште „Боро Петрушевски“

*РОК: ВО ТЕКОТ НА 2009 - 2011 ГОДИНА*

**Опис на проектот:**

Во соработка со Владата на Република Македонија предвидено е да се изгради една спортска сала, со вкупна површина од 1300 м2.

**Образложение:**

Спортска сала во склоп на средното училиште „Боро Петрушевски“ сеуште не е изградена. Според информациите од училиштето, во тек е завршување на процедурата со ДУП и ГУП, и предвидено е продолжување со изградбата на спортската сала веднаш по решавање на овие процедури. Ова предизборно ветување не е исполнето. [Ажурирано на: 20.02.2013]

**Оценка: Неисполнето**

## 3. Проект: Изградба на фискултурна спортска сала во рамки на средно училиште „Димитар Влахов“

*РОК: ВО ТЕКОТ НА 2009 - 2011 ГОДИНА*

**Опис на проектот:**

Во соработка со Владата на Република Македонија, предвидено е да се изгради една спортска сала, со вкупна површина од 1300 м2.

**Образложение:**

Спортска сала во склоп на средното училиште „Димитар Влахов“ сеуште не е изградена. Според информациите од училиштето, изградбата на спортската сала не е започната од причини што не се решени имотно-правните односи. Ова предизборно ветување не е исполнето. [Ажурирано на: 20.02.2013]

**Оценка: Неисполнето**

**4. Проект: Изградба на фискултурна спортска сала во рамки на средно училиште „Св. Наум Охридски“**

*РОК: ВО ТЕКОТ НА 2009 - 2011 ГОДИНА*

**Опис на проектот:**

Во соработка со Владата на Република Македонија, предвидено е да се изгради една спортска сала, со вкупна површина од 1300 м2.

**Образложение:**

Спортска сала во склоп на средното училиште „Св. Наум Охридски“ сеуште не е изградена. Според информациите од училиштето, постапката за почеток на градежните работи е застаната поради нерасчистено корисничко право на земјиштето на кое би требало да биде салата. Ова предизборно ветување не е исполнето. [Ажурирано на: 20.02.2013]

**Оценка: Неисполнето**

**5. Проект: Велосипедски маратон Скопје**

*РОК: КОНТИНУИРАНО*

**Опис на проектот:**

Градот Скопје, во соработка со Сојуз на спортови на градот Скопје, ќе организира традиционална манифестација, која ќе претставува една од главните спортски обележја на градот. Маратонот би се одвивал низ скопските булевари.

**Образложение:**

Во соработка со Сојузот на спортови на Скопје, почнувајќи од 2009 година, градот Скопје организира ноќна велосипедска трка по улиците на главниот град, по повод 13 ноември - денот на ослободувањето на Скопје. Ова предизборно ветување е исполнето. [Ажурирано на: 11.02.2013]

**Линкови:**

Нетпрес (15.11.2009): Реактивирана ноќна и атлетска и велосипедска трка по повод 13 Ноември [Пристапено на: 11.02.2013]
Официјален портал на град Скопје (14.11.2010): Одржани ноќната велосипедска и ноќната атлетска трка „Низ улиците на Скопје“ [Пристапено на: 11.02.2013]
МТВ (14.11.2011): Во Скопје се одржаа традиционалните ноќни атлетска и велосипедска трка [Пристапено на: 11.02.2013]

**Оценка: Исполнето**

## 6. Проект: Средношколски лиги на градот Скопје

*РОК: КОНТИНУИРАНО*

### Опис на проектот:

Градот Скопје во соработка со средните училишта ќе формираат училишни лиги во кошарка, фудбал, ракомет и одбојка. Лигите би се одржувале во спортските сали во училиштата.

### Образложение:

Почнувајќи од учебната година 2010/2011, под покровителство на градот Скопје, се одржуваат средношколски училишни спортски лиги. Ова предизборно ветување е исполнето. [Ажурирано на: 11.02.2013]

### Линкови:

- Идивиди (12.10.2010)**:** Почнаа средношколските училишни лиги [Пристапено на: 11.02.2013]
- Официјален портал на град Скопје (09.11.2011): Почнаа лига натпреварите на средните училишта на Скопје за учебната 2011/2012 [Пристапено на: 11.02.2013]
- Сител Телевизија (17.10.2012)**:** Стартуваа уличишните игри [Пристапено на: 11.02.2013]

**Оценка: Исполнето**

## 7. Проект: Разгледување на можноста за преземање на олимписки базен во надлежност на градот Скопје

*РОК: 2009*

### Опис на проектот:

Со преземањето на Олимпискиот базен, ќе се овозможи негово континуирано работење и ставање во функција на граѓаните и на спортските клубови.

### Образложение:

Начинот на кој е поставено ова ветување не остава реална можност тоа да се истражи дали е исполнето или не. Едно ветување во предизборна програма не би смеело да започне со зборовите „Разгледување на можноста“. Ова предизборно ветување е неконкретно.
Инаку мора да се напомене дека градот Скопје го нема преземено Олимпискиот базен под своја контрола. [Ажурирано на: 27.02.2013]

**Оценка: Неконкретно**

**8. Проект: Ревитализација на СРЦ Сарај и СРЦ Хиподром**

*РОК: НОЕМВРИ 2011*

**Опис на проектот:**

Ревитализација на спортски комплекс во соработка со Владата на Република Македонија, надлежните државни институции, МОК и спортските федерации.

**Образложение:**

Со исклучок на неколку помали реновирања на СРЦ Сарај, не се преземени посериозни чекори кон ревитализација на овие два спортски центри. Ова предизборно ветување не е исполнето. [Ажурирано на: 27.02.2013]

**Линкови:**

- Вечер (15.07.2010)**:** Асфалтирано игралиштето во СРЦ "Сарај" [Пристапено на: 27.02.2013]
- Утрински Весник (01.07.2010): Павилјони за одмор во СРЦ „Сарај“ [Пристапено на: 27.02.2013]

**Оценка: Неисполнето**

# XI. ИЗГРАДБА НА ВОДОВОДНИ И КАНАЛИЗАЦИСКИ СИСТЕМИ

**1. Проект: Продолжување на изградба на фекална канализацијата од реката Вардар до Инџиково**

*РОК: 2009*

**Опис на проектот:**

Во соработка со Владата на РМ, ќе се продолжи со изградба на фекалната канализација од Вардар до Инџиково.

**Образложение:**

Примарната фекална и дел од атмосферската канализација од реката Вардар  до хиподром е пуштена во употреба во септември 2009 година

**Линк**:

- Привршува изградбата на канализацијата во Инџиково
- Инфромативно гласило на Град СКопје Број 13

**Оценка: Исполнето**

## 2. Проект: Доизградба на примарна фекална мрежа во населените места Сингелиќ и Стајковци

*РОК: 2010*

**Опис на проектот:**

Во соработка со Владата на РМ, ќе се доизгради делот од делницата на примарниот фекален колектор меѓу населените места Синѓелиќ и Стајковци.

**Образложение**:

Фекалната канализација Синѓелиќ –Стаковци е пуштена во употреба во Мај 2012 година. Проектот е исполнето со задоцнување од 2 години од дадениот рок.

**Линкови**:

- Изградба на фекална канализација канализација во Инџиково, Синѓелиќ и Стајковце
- Пуштена примарната феклана канализација Синѓелиќ-Економија- Инџиково

**Оценка: Делумно исполнето**

## 3. Проект: Довршување на колектор за фекална канализација во Ѓорче Петров

*РОК: 2013*

**Опис на проектот:**

Во соработка со Владата на РМ ќе се заврши колекторски систем и пречистителна станица за отпадни води за населбата Волково и околината што е од големо значење за Ѓорче Петров и градот Скопје.

**Образложение**:

Според информациите, канализацијата во населбата Ѓорче Петров ќе биде завршена во 2013 година.

**Линк**:

- Канализацијата во Ѓорче Петров ќе се доврши в година

**Оценка: Делумно исполнето**

## 4. Проект: Фекален колектор од населбата Ново Лисиче до Горно Лисиче со препумпна станица

*РОК: 2013*

**Опис на проектот:**

Изграден е дел од примарната мрежа, а потребна е изградба на преостанатиот дел од мрежата и препумпната станица во Горно Лисиче. Со овој проект ќе се комплетира изградбата на

канализациската мрежа во општината Аеродром. Овој проект ќе се реализира во соработка со Владата на Република Македонија и со општината Аеродром.

**Образложение:**
Фекалниот колектор со препумпна станица од населбата Ново Лисиче до Горно Лисиче е изграден и пуштен во употреба во Април 2012 година.

**Линкови:**
- Пуштена во употреба нова препумпна станица во Горно Лисиче
- Септичките јами во Горно Лисиче заминуваат во историјата
- Пуштена во употреба препумпната станица во Горно Лисиче

**Оценка: Исполнето**

## 5. Проект: Фекален колектор по бул. „Никола Карев“ и улица „Беласица“

*РОК: 2013*

**Опис на проектот:**
Во соработка со Владата на РМ, ќе се заврши фекален колектор по булеварот „Никола Карев“ и улицата „Беласица“.

**Образложение**:
Според информациите од 'Водовод' 223 милиони денари биле инвестирани во реконструкција на водоводна мрежа со вкупна должина од 13.618,50 метри, како и во фекален колектор и пумпна станица во Инџиково и фекален колектор по булеварот Никола Карев и улица Беласица.

**Линкови:**

- „Водовод“ купи нова опрема со пари од поскапената вода
- Фекалниот колектор во Шутка готов до септември
- Годишен план за јавни набавки во 2010 година на ЈП водовод и канализација Скопје

**Оценка: Исполнето**

## 6. Проект: Замена на водоводните азбестно-цементни цевки

*РОК: 2009 – 2012*

**Опис на проектот:**
Замена на водоводните азбестно-цементни цевки за водовод е проект од значење за граѓаните на градот Скопје. Со финализирање на истиот ќе се добие во квалитет на водата за пиење која ја користат голем број граѓани од овој град.

**Образложение**:
Проектот за менување на водоводните азбестно-цементни цевки е сеуште во реализација. Од 2009 до 2011 се сменети 55км азбестно-цементни цевки, додека пак во 2012 вкупно 15 км. Според надлежните, практиката на менување на цевките ке продолжи и во 2013 година, се додека не се сменат сите 100 км на азбестно-цементни цевки.

**Линк**:
- Водовод се одлободи од азбестните цевки
- Почнува замената на водоводните азбестни цевки
- Водовод ќе ги менува азбестните цевки
- Уште ќе пиеме вода од азбестни цевки

**Оценка: Делумно исполнето**

### 7. Проект: Изградба на фекална канализација во Тенеќе маало

*РОК: ДЕКЕМВРИ 2009*

**Опис на проектот:**
Со проектот се предвидува да биде изградена дел од фекалната канализација во населеното место Тенеќе Маало. Овој проект ќе се реализира во соработка со Владата на Република Македонија и со општината Чаир.

**Образложение**:
Изградбата на фекална канализација во Тенеќе маало започнала во јуни 2009 година и според информациите од отчетот на Градоначалникот Коце Трајановски е завршена во предвидениот рок.

**Линк**:
- Во Тенеќе Маало ќе се гради канализација

**Оценка: Исполнето**

### 8. Проект: Изградба на фекална канализација со пречистителна станица во населеното место Грчец

*РОК: ДЕКЕМВРИ 2009*

**Опис на проектот:**
Со овој проект се предвидува да се изгради фекална канализација со пречистителни станици по течението на реката Треска. Овој проект ќе се реализира во соработка со Владата на Република Македонија и со општината Сарај.

**Образложение:**
Иако уште од 2009 година, Градот Скопје и општината Сарај најавуваат изградба на фекални канализации и пречистителни станици како во местото Грчец, така и во Местата Глумово, Шишево , со што би се решил проблемот и со водата во вештачкото езеро треска, информации дека овие проекти се завршени сеуште нема.

**Линкови:**

- На езерото Треска и годинава само на пикник
- Според Фазлиу иднината на Сарај е во развивањето на туризмот
- Од наредното лето капење во Треска

**Оценка: неисполнето**

## 9. Проект: Изградба на фекална и атмосферска канализација во населеното место Сарај

*РОК: НОЕМВРИ 2010*

**Опис на проектот:**
Со имплементација на проектот ќе се постигне ефикасно одведување на отпадните води и заштита на животната средина од загадување со фекалните води преку одведување на отпадните води надвор од населените места.

Овој проект ќе се реализира во соработка со Владата на Република Македонија и со општината Сарај.

**Образложение**:
Пречиститетлната станица за отпадни води во Сарај започнала да се гради на 12.02.1011 година. Истата до сега не е завршена.

**Линкови:**

- ВМРО-ДПМНЕ: Пречистителна станица за отпадни води во Волково и во Сарај
- Ќе се прочистуваат отпадните води во Сарај
- Адеми: Загаденоста во Скопје може да се намали со посебен сообраќаен режим и филтри на поголемите капацитети
- За пари за екологија трчаме по донатори

**Оценка: Неисполнето**

### 10. Проект: Изградба на канализација во населбата Драчево

*РОК: СЕПТЕМВРИ 2010*

**Опис на проектот:**

Со проектот се предвидува изградба на примарна канализациска мрежа за населбата Драчево. Овој проект ќе се реализира во соработка со Владата на Република Македонија и со општината Кисела Вода.

**Образложение**:

Изградбата на канализација во населбата Драчево е започната на 31 Мај 2011 година, односно многу подоцна од предвидениот рок за завршување на изградбата на истата. Според отчетот, истата е завршена, а кон крајот на 2012 година започната е и изградбата на атмосферска канализација во оваа населба.

**Линкови:**

- Нова канализација во Драчево
- Започнува исградбата наатмосферскатаканализација во Драчево

**Оценка: Делумно исполнето**

### 11. Проект: Доизградба на фекална канализациска мрежа за населеното место Љубанци

*РОК: АПРИЛ 2010*

**Опис на проектот:**

Со проектот се предвидува изградба на канализациска мрежа за населеното место Љубанци. Со овој проект ќе се започне со реализација на првата фаза која вклучува поставување на поливинилски цевки.

Овој проект ќе се реализира во соработка со Владата на Република Македонија и со општината Бутел.

**Образложение**:

Според информациите, последната фаза за изградба на фекалната канализациска мрежа во населеното место Љубанци, била завршена во Април 2012 година, односно со задоцнување од 2 години од дадениот рок.

**Линкови:**

- За еден месец село Љубанци ќе добие фекална канализација

**Оценка: Делумно исполнето**

## 12. Проект: Доизградба на водоводна мрежа во Горно и Долно Лисиче

*РОК: НОЕМВРИ 2010*

**Опис на проектот:**

Со изградба на водоводна мрежа во Горно и Долно Лисиче ќе се реши проблемот со водоснабдувањето, со што населението ќе добие поквалитетна вода за пиење.
Овој проект ќе се реализира во соработка со Владата на Република Македонија и со општината Аеродром.

**Образложение**:

Според информациите во отчетот на градоначалникот Коце Трајановски, заклучно со 2012 година, доизградена и обновена е само водоводната мрежа во Горно Лисиче.

**Линк**:

Отчет

**Оценка: Делумно исполнето**

## 13. Проект: Изградба на фекална канализација во Долно Лисиче со препумпна станица

*РОК: 2010*

**Опис на проектот:**

Со проектот се предвидува реконструкција на канализациската мрежа на местата каде што истата не ги задоволува потребите на граѓаните. Овој проект ќе се реализира во соработка со Владата на Република Македонија и со општината Аеродром.

**Образложение**:

Според информациите добиени од општина Аеродром фекалната канализација со препумпна станица во Долно лисиче се уште не е изградена.

**Оценка: Неисполнето**

## 14. Проект: Водоснабдување на населените места Виниче, Раштак и Камник

*РОК: 2013*

**Опис на проектот:**

Во соработка со Владата на РМ и општина Гази Баба, градот Скопје ќе го подобри водоснабдувањето во Виниче со изработка на резервоар, филтер за вода во Раштак и примарна и секундарна канализација во Камник.

**Образложение:**
Според информациите од отчетот на градоначалникот на Град Скопје, во населеното место Камник е пуштена во употреба секундарната водоводна мрежа. Понатака во населеното место Булачани изградена е нова водоводна мрежа и таму, како и во Раштак и Виниче било извршено хиперхлорирање на водата со што овие населени места добиле чиста и исправна вода за пиење.

**Линкови:**

- Програма на остварени активности една година за Скопје
- Во Раштак, Булачани и во Виниче ќе има чиста вода за пиење
- Скопје - Хиперхлорирање на водата

**Оценка: Исполнето**

## 15. Проект: Подобрување на водоснабдувањето на населбите Лозле, Жданец и Нерези

*РОК: 2013*

**Опис на проектот:**
Изградба на нов цевковод од пумпна станица до резервоар за висока зона Жданец, пумпна станица и резервоар за висока зона.

**Образложение**:
Градежните активности за подобрување на водоснабдувањето на овие населени места започнале во април 2008 година, за време на мандатот на тогашниот градоначалник на град Скопје Трифун Костовски.

**Линкови:**

- Проблемот со водоснабдувањето во Козле ќе стане минато

**Оценка: Недоследно**

## 16. Проект: Подобрување на водоснабдувањето на населба Капиштец

*РОК: 2012*

**Опис на проектот:**
Изградба на потисен цевковод и резервоар за висока зона.

**Образложение**:
Во Март 2012 година ЈП Водовод и канализација-Скопје ја реконструираше салонитната и поцинкувана мрежа на улиците Ганчо Хаџипанзов и Капиштец . Со реконструкцијата на

водоводната мрежа корисниците ќе добијат подобро и поквалитетно водоснабдување, затоа што дуктилно железните цевки се отпорни на влијанијата на почвата и агресивноста на сообраќајот, со што ќе се намалат повредите односно дефектите на водоводната мрежа.

**Линк**:

- http://www.vodovodskopje.com.mk/mk/odnosi_so_javnost/soopshtenija/1253/rekonstruirana_vodovodnata_mrezha_na_ulicite_gancho_hadzhipanzov_i_kapishtec_so_nejzinite_kraci.aspx

**Оценка: Исполнето**

## 17. Проект: Изградба на систем за водоснабдување на населбата Пинтија

*РОК: 2009*

**Опис на проектот:**

Изградба на потисно повратен цевковод, пумпна станица и резервоар во соработка со Владата на РМ и со општината Кисела Вода.

Образложение: Според информациите од отчетот на градоначалникот од 2010 година, биле направени цевководот и пумпната станица.

**Образложение:**

За ветувањето не успеавме да најдеме информации на интернет, но затоа испративме барање за слободен пристап до информации до Град Скопје, на кое се уште немаме добиено одговор. Поради тоа, ова ветување не се оценува.

## 18. Проект: Изградба на систем за водоснабдување во н.м. Усје

*РОК: 2013*

**Опис на проектот:**

Изградба на потисно повратен цевовод и резервоар и реконструкција на пумпната станица.

**Образложение**:

Во ноември 2011 година е завршена реконструкцијата на неколку улици во Усје како и изградбата на новиот водовод во ова населено место.

**Линкови:**

- Реконструирани улици и нова водоводна мрежа во Усје
- Усје доби нов водовод и асфалтирани улици

**Оценка: Исполнето**

## 19. Проект: Изградба на атмосферска канализација по улица „Бутелска“

*РОК: 2013*

**Опис на проектот:**

Изградба на атмосферска канализација по улица Бутелска на потегот од ул. Цетинска до улица Призренска.

**Образложение**:

Во Април 2009 година започната е изградбата на атмосферската канализација по улицата Бутелска на потегот од ул. Цетинска до улица Призренска. Проектот е завршен во дадениот рок.

**Линкови:**

- Атмосферска канализација на улица Призренска во Бутел
- Нова канализација на ул. „Призренска“

**Оценка: Исполнето**

## 20. Проект: Подобрување на водоснабдувањето на општина Чаир на потегот околу Гази Баба

*РОК: 2013*

**Опис на проектот:**

Подобрување на водоснабдувањето на потегот околу н.Гази Баба во општина Чаир на делница од ОУ Тефејуз до ПМФ.

**Образложение:**

Во одговорот на барањето за слободен пристап до информации, општината наведе дека уличната водоводна мрежа е во финална фаза

**Оценка: Делумно исполнето**

## 21. Проект: Подобрување на водоснабдување околу резервоарот во Шуто Оризари и спојување со постојната улична мрежа

*РОК: 2013*

**Опис на проектот:**

Подобрување на водоснабдување на делница од ул. Бутелски Венец до ул. Иљо Војвода.

**Образложение**:

Според информациите од отчетот на градоначалникот на Град Скопје и оние добиени од Општина Бутел, во 2010 година е пуштена во употреба новата хидрофорска постојка и

потисниот цевковод до постојната водоводна мрежа на улицата Бутелски венец со што е подобрено водоснабдувањето на високиот дел од населбата Шуто оризари.

**Линкови:**

- Една година за Скопје

**Оценка: Исполнето**

### 22. Проект: Чистење на атмосферски канализации

*РОК: КОНТИНУИРАНО*

**Опис на проект:**

Во одредени делови на Скопје, секундарната атмосферска канализација воопшто не е прочистувана и со тоа се создаваат големи проблеми при обилни дождови.

**Образложение**:

Според инфромациите добиени од ЈП Водовод и канализација во 2012 година спроведена е акција за чистење на сливниците, односно на секундарната атмосферска канализација со цел да се отстраната проблемите кои се создаваат за време на обилните дождови.

**Линкови:**

- Успешно спроведена акција за чистење на сливници
- Извештај за Акцијата Чиста и зелена Општина Центар
- Една година за Скопје

**Оценка: Исполнето**

## XII. КУЛТУРА

### 1. Проект: Целосна реконструкција и реставрација на музејот на град Скопје

*РОК: 2011*

**Опис на проектот:**

Во соработка со Министертсвото за култура, градот Скопје ќе направи целосна реконструкција и реставрација на надворешноста и внатрешноста на Музејот на град Скопје, како и финансирање на програмските активности на Музејот на град Скопје.

**Образложение**:

Според информациите достапни во јавноста, се уште нема информација кога ќе започне реконструкцијата и реставрацијата на музејот на Град Скопје. Единствена информација е онаа од 2010 година, во отчетот на градоначалникот за сработеното во првата година од неговиот

мандат, каде што напоменува дека проектот за реконструкција и реставрација на музејот на Град Скопје е во изработка.

**Линкови:**

- Програма на остварени активности една година за Скопје

**Оценка: Неисполнето**

## 2. Проект: Изградбата на бедемите на скопската тврдина Кале

*РОК: 2011*

**Опис на проектот:**

Во соработка со Владата, градот Скопје по археолошките ископувања ќе пристапи кон реконструкција на бедемите на Скопската тврдина Кале.

**Образложение**:

Реконструкцијата на надворешните бедемите на Скопската тврдина Кале е започната многу пред почетокот на мандатот на градоначалникот Коце Трајановски, и истата подлежи на долгогодишен процес. Реставрацијата пак на таканаречениот Киклопски сид во срцето на Скопската тврдина која била најавена за 2011 година, се уште не е започната, откако тендерот поради слабости бил поништен.

**Линкови:**

- Повеќе конзервација, помалку истражувања
- Градежната оператива се сели под Кале

**Оценка: Неконкретно**

## 3. Проект: Биенале на млади уметници од Европа и Медитеранот

*РОК: 2009*

**Опис на проектот:**

Уметници од повеќе држави од Европа и од Медитеранот, од областа на ликовната уметност, музиката, модерниот танц, театарот и други уметнички жанрови ќе се обединат во периодот на 2009 во градот домаќин Скопје. Реализацијата на овој проект ќе претставува огромна промоција и популаризација на градот домаќин Скопје, а истовремено и на Република Македонија.

**Образложение**:

Од 3 до 12 Септември 2009 година Скопје беше домаќина на 14тото Биенале на Млади Уметници од Европа и Медитеранот. На биеналето учествувале повеќе од 700 малди уметници од 48 земји. За време на 10-те дена колку што траеше Биеналето уметниците со свои дела се

претставиле во Музејот на Македонија, Музејот на современата уметност, Музејот на Град Скопје, Културно-информативниот центар, Мултимедијалниот центар „Мала станица", Младинскиот културен центар, Македонската опера и балет, Даут-пашин амам, Чифте амам, Македонскиот народен театар, Драмскиот театар, Домот на АРМ, во Градскиот парк и на Градскиот плоштад.

**Линкови:**

- Скопје домаќин на 14.биенале на млади уметници од европа и медитеранот
- Европската младост и креативност во Скопје

**Оценка: Исполнето**

### 4. Проект: Идеи преку визуелна комуникација

*РОК: 2009*

**Опис на проектот:**

Проектот претставува низа активности насочени кон подобрување на општествено-социолошките проблеми, каде главен збор ќе има младата популација на возраст од 18 до 28 години. Неговата цел е преку темата да ги обедини сфаќањата на младите студенти кои се извор на свежина и преку нивните ставови и размислувања во форма на плакати директно да презентира идеи како ќе ја подобри иднината или ќе отвори нови хоризонти, ќе создаде услови и пат за подобра иднина. Овој проект е со цел младите од светот да ги изразат ставовите во форма на плакат, под мотото „Видов, значи запамтив". Плакатот како артефакт може да се употреби со интенција да пренесе идеи, вредности, информации, како и да се надминат географските, временските и културните разлики.

**Образложение**:

ветувањето е оценето како неконкретно, бидејќи во истите не е наведено за какви активности станува збор, како и каде тие активности ќе бидат спроведени и од каде ќе бидат најдени средства за истите.

**Оценка: Неконкретно**

### 5. Проект: Младински културен центар

*РОК: ВО ТЕКОТ НА 2009 ГОДИНА*

**Опис на проектот:**

Со проектот се предвидува продолжување на финансиската поддршка и унапредување на програмските активности како што се: Меѓународен театарски фестивал - МОТ, Бела ноќ - културен хепенинг, дел од европското културно семејство, поддршка и враќање на сјајот на меѓународниот филмски фестивал „CINEDays", учество на ансамблите на МКЦ на меѓународни фестивали.

**Образложение**:
Меѓународниот театарски фестивал МОТ, Културниот хепенинг Бела ноќ како и Меѓународниот филмски фестивал CINEDays се дел од културниот живот во градот Скопје веќе неколку години наназад.

**Линкови:**

- Programa cinedays-2011
- Млад отворен театар
- Бела ноќ

**Оценка: Исполнето**

## 6. Проект: Библиотека „Браќа Миладиновци“

*РОК: ДЕКЕМВРИ 2009*

**Опис на проектот:**
Со проектот се предвидува:
- формирање спомен-соба на Браќата Миладиновци,
- електронско поврзување на сите библиотеки од градот Скопје,
- продолжување на дигитализацијата на книжниот фонд
- проширување на покриеноста на приградските населби со нова подвижна библиотека.

**Образложение**:
Според информациите, овој проект се уште не е реализиран, а средства за истиот се предвидени во програмата за финансирање на јавни установи и културни манифестации и активности во областа на културата во Град Скопје за 2013 година.

**Линкови:**

- Градот годинава ќе потроши 1,87 милиони евра за култура
- http://www.skopje.gov.mk/images/Image/PROGRAMA%20ZA%202013%20-%20ZA%20OBJAVUVANJE%20-MK.pdf

**Оценка: Неисполнето**

## 7. Проект: Универзална сала

*РОК: 2009 ГОДИНА*

**Опис на проектот:**

Во соработка со Владата на РМ, ќе се изврши целосна реконструкција на објектот во модерна сала која ќе одговори на активностите и на потребите на граѓаните.

**Образложение**:

Реконструкцијата на Универзалната Сала беше најавена да почне кон крајот на 2012 година. Според портпаролот на Владата на Република Македонија истата обезбедила 400 милиони денари, средства од буџетски извори. Проектот се очекува да се реализира во период не подолг од 18 месеци од почетокот на градбата. Реконструкцијата се уште не е започната и покрај најавите.

**Линкови:**

- Владата обезбедила пари за реконструкција на Универзална сала

**Оценка: Неисполнето**

## 8. Проект: Културно-информативен центар

## 8.1. Проект: За убавото

*РОК: 18 ЈУНИ 2009*

**Опис на проект:**

30.000 бесплатни примероци книги и двд-изданија за граѓаните на Скопје и на Македонија; настап на Македонската филхармонија на плоштадот Македонија; ликовен перформанс на платна со огромни димензии.

**Образложение**:

Под мотото „Види музика, слушни слика, добиј книга", во 2009 за прв пат се одржа традиционалниот, мултимедијален концерт на Македонската филхармонија именувана како „А сега - уметност", а на присутните дополнително им беа поделени 20.000 примероци од делото „Новела за сонот" од Артур Шницлер.

**Линкови:**

- Музика, слика, книги – се' на едно место
- Програма на остварени активности една година за Скопје

**Оценка: Исполнето**

**8.2. Проект: Музички приказни**

*РОК: ОД 2010*

**Опис на проектот:**

Настап на реномирани музички уметници од сите музички жанрови, на улиците на централното градско подрачје, поддржани од градот Скопје во текот на целата година.

**Образложение**:

Ветувањето е оценето како неконкретно бидејќи во истото не е точно определено за каков вид на настапи станува збор и во кој период од денот ќе се случуваат, ниту пак како иститте ке бидат финансирани.

**Оценка: Неконкретно**

**9. Проект: ДКЦ „Карпош“**

*РОК: 2009 – 2010*

**Опис на проектот:**

Финансирање на програмските активности на ДКЦ „КАРПОШ“

**Образложение:** Во одговорот на барањето за слободен пристап до информации, општината наведе дека има финансирано активности на ДКЦ „Карпош“ за 2009, 2010, 2011, 2012 и 2013 година.

**Оценка: Исполнето**

**10. Проект: Промоција на културно-историски објекти преку мобилните оператори**

*РОК: 2009 – 2010*

**Опис на проектот:**

Промовирање на нашите културно-историски објекти во соработка со мобилните оператори преку испраќање пораки (ммс, смс) со промотивен материјал во врска со објектот кој се наоѓа во близина на сите корисници на мобилни телефони, ГПС-апарати (посебно на корисниците што се во роаминг односно странски државјани). Обележување на спомениците на културата и уметноста на ГПС-мапата на градот Скопје, со што странските државјани ќе ја имаат точната местоположба на самиот објект или споменик на културата.

**Образложение**:

Заклучно со крајот на мандатот, проектот се уште не е спроведен.

**Оценка: Неисполнето**

### 11. Проект: Поставување на стилизирана ограда на мостот „Гоце Делчев“

*РОК: 2011*

**Опис на проектот:**

Со овој проект мостот Гоце Делчев, ќе добие модерен изглед.

**Образложение**:

Реконструкцијата на оградата на мостот Гоце Делчев е завршена во октомври 2011 година.

**Линкови:**

- http://www.sitel.com.mk/rekonstruirana-ogradata-na-mostot-goce-delchev-0

**Оценка: Исполнето**

### 12. Проект: Рестартирање на големиот часовник кај старата железничка станица

*РОК: 2009 – 2010*

**Опис на проектот:**

Рестартирање на стариот часовник поставен над влезот на старата железничка станица во Скопје. Се работи за маркантен часовник, кој е познат од времето на скопскиот земјотрес од 1963 г., како симбол на сеќавање за катастрофалниот настан. Неговата обнова е клучна, заради неговата локација со поглед на ул. „Македонија“ и на Плоштадот. Препознатлив детал од градот кој секој час би го означувал со песна од македонскиот народен мелос и би се овозможило осветлување на стрелките на часовникот.

**Образложение**:

Заклучно со дадениот датум, не е реставриран големиот часовник кај старата железничка станица.

**Оценка: Неисполнето**

## XIII. ТУРИЗАМ

### 1. Проект: Скопската тврдина Кале - културна и туристичка атракција

*РОК: МАРТ 2010*

**Опис на проектот:**

Преземање на соодветни инфраструктурни и просторни интервенции за ревитализација на Скопското кале, со цел истото да стане препознатлива културна и туристичка дестинација на посетителите. Овој проект ќе се реализира во соработка со Владата на Република Македонија.

**Образложение**:
Иако постојат најави, скопската тврдина кале сеуште не е ревитализирана, забранет е влезот во истата, и поради тоа истата сеуште не може да се смета за култуна и туристичка атракција на градот.

**Оценка: Неисполнето**

## 2. Проект: Ревитализација и популаризација на старата скопска чаршија како туристичка атракција

*РОК: 2009 - 2010*

**Опис на проектот:**
Преку преземање на инфраструктурни и просторни интервенции, заживување на занаетчиството и угостителството, реализација на културни и рекреативни содржини, градот Скопје ќе ја популаризира Старата скопска чаршија како туристичка локација. Истата ќе се ревитализира во соработка со Министерството за култура, во чии рамки е формирано национално координативно тело.

Реализацијата на овој проект ќе придонесе за зголемување на туристичкиот потенцијал на градот, како и промовирање на македонската култура, традиција и обичаи.

**Образложение:**
Во последните неколку години, активно се работи на планот кој опфаќа заживување на старата скопска чаршија, преку инфраструктурни интервенции, преадаптирање на простоти за културен и социјален живот, како и реализација на културни помогнати од министерството за култура и градот Скопје на повеќе локалитети во Старата Скопска чаршија.

**Линкови:**

- Културно ќе заживее старата скопска чаршија
- Изложби и посети на споменици во деновите на културното наследство
- Старата скопска чаршија со програма за ревитализација
- Груевски: И чаршијата е дел од „Скопје 2014“

**Оценка: Исполнето**

## 3. Проект: Македонско село

*РОК: ДЕКЕМВРИ 2010*

**Опис на проектот:**
Проектот опфаќа изградба на околу десет куќи со автентична архитектура од повеќе македонски краишта, кои во внатрешноста ќе имаат камини, триножни столчиња, клупи и останати предмети, а локацијата на која е предвидена изградбата се наоѓа на падините на Водно, близу до манастирот „Св. Пантелејмон“.

Селото треба да претставува атракција за странските и за домашните туристи кои сè повеќе се заинтересирани за руралниот туризам. Комплексот ќе содржи и објект-приемница за гостите во селото, во која ќе се продаваат сувенири од македонското поднебје, конак-ан за сместување на патниците, бакалница, крчма-меана како национален ресторан, мал амфитеатар за културни манифестации, фурна, воденица, амбари, работилници за стари занаети и чешма на сред село. Исто така, со проектот е предвидена реконструкција и на македонските обичаи и изработка на домашни ракотворби.

**Образложение**:
Изградбата на Македонското село на падините на Водно е во тек, и истото се очекува да биде завршено во првата половина на 2013 година. Овој проект ќе биде оценет како Делумно остварен, бидејќи со неговото остварување се доцни повеќе од 2 години.

**Линкови:**

- Македонија пред туристички бум, во 2013 ќе добие уникатно етно село
- Македонско етно село во Нерези

**Оценка: Делумно исполнето**

## 4. Проект: Уредување на Матка и развој на екотуризам

*РОК: 2010*

**Опис на проектот:**
Изработка на Нацрт–стратегија за развој на екотуризам во Матка.
Во таа насока ќе се пристапи кон реализација на следните проектни активности:
- Пешачка патека и заштитна ограда од манастирот „Св. Андреа“ до месноста Висок Рид и до пештерите „Врело“ и „Убава“ во должина од 3,5–4км, во кањонот Матка;
- Реконструкција на патека во пештерата „Врело“ и изградба на платформа и електрика;
- Изградба на висечки мост кај Матка со кој би се поврзала пешачката патека од левата страна Висок Рид со пештерите „Врело“ и „Убава“ и изворот Врело;
- Изградба на Природнонаучен музеј за флората и фауната на Матка со локација над Планинарскиот дом кај манастирот „Св. Андреа“ во Матка.

**Образложение:**
Во одговорот на барањето за слободен пристап до информации, општината наведе дека е изработена нацрт-стратегија за развој на екотуризмот. Извршена е реконструкција на пешачката патека од манастирот „Св. Андреа“ со месноста Висок Рид, реконструирана е патеката во пештерата „Врело“, додека висечкиот мост и природнонаучниот музеј се во идни планови.

**Оценка: Делумно исполнето**

### 5. Проект: Туристички портал на Скопје

*РОК: КОНТИНУИРАНО*

**Опис на проектот:**

Во насока на промоција и презентација на туристичката понуда на градот Скопје ќе биде изработен туристички портал, кој ќе ги содржи следните информации: Приказни и стории за најзначајните археолошки, културно-историски и природни локалитети и убавини на Скопје; мапа на музеи, споменици на културата, галерии со најзначајните информации и случувања; сите хотели во Скопје со локации, телефони и цени за престој; интернационални и национални ресторани; туристички агенции, такси-компании, трговски центри, театри; инфоцентар за бизнис-информации (банки, институции, фондови и меѓународни организации); порталот ќе биде изработен на најмалку два странски јазици.

**Образложение**:

Согласно со дадениот рок, Туристичкиот портал на Градот Скопје се уште не е пуштен во употреба.

**Оценка: Неисполнето**

### 6. Проект: Промотивни туристички паноа

*РОК: КОНТИНУИРАНО*

**Опис на проектот:**

На сите влезови во главниот град поставување на промотивни туристички паноа со фотографии и слогани од најзначајните приказни и туристички атракции во Скопје. Обележување со светлечки паноа на сите туристички локации во градот со контакт за Туристичкото биро и адресата на туристичкиот вебпортал на градот. Изработка на програма со мобилен оператор за активирање на порака на мобилен телефон за секој посетител на Скопје со слоган на градот и туристичкиот вебпортал.

**Образложение**:

Согласно со дадениот рок, туристичките паноа на сите влезови во главниот град се уште не се поставени, ниту пак се направени апликациите со слоганот на градот и туристичкиот веб-портал.

**Оценка: Неисполнето**

## 7. Проект: Туристички водачи

*РОК: КОНТИНУИРАНО*

### Опис на проектот:

Туристичкит сектор на градот Скопје на годишно ниво ќе креира програма за зголемување на бројот на туристички водачи. Во соработка со Асоцијацијата на туристички водачи која ги издава лиценците за работа на водачите и со Факултетот за туризам, градот ќе ја субвенционира едукацијата на дипломирани невработени историчари, историчари на уметноста и археолози кои говорат минимум два јазика и имаат интерес да работат во сферата на туризмот.

### Образложение:

Програмата за зголемување на бројот на туристички водачи се уште не е изготвена, но според информациите засега не е потребно зголемување на нивниот број бидејќи градот располага со околу 300 туристички водачи за кои се уште нема ангажман. Упатените алармираат дека туристичките водачи од соседните земји им ја земаат работата на овдешните, иако е тоа противзаконски. Тие се надеваат дека градот во најбрз можен рок ќе воспостави и туристичка инспекција која ќе ја спречи оваа пракса.

### Линкови:

- Диви странски водичи ни ја искривуваат историјата
- Ѓорѓиев: Два и пол милиони евра за директна поддршка на туризмот

**Оценка: Неисполнето**

## 8. Проект: Спортски туризам

*РОК: КОНТИНУИРАНО*

### Опис на проектот:

Градот Скопје со туристичките комори и здруженија ќе ја стимулира понудата на дводневни и еднодневни туристички тури низ Скопје за време на значајни интернационални спортски натпревари и настани кои се одржуваат во главниот град. Туристичките тури како понуда со цени ќе бидат објавувани на туристичкиот портал на Скопје.

### Образложение:

Туристичкиот портал на градот Скопје се уште не е пуштен во употреба. Дополнително, не постојат информации за организирани тури за време на значајни интернационални спортски натпревари и настани кои се одржуваат во главниот град.

**Оценка: Неисполнето**

# XIV. МЛАДИ

## 1. Проект: Биди волонтер

*РОК: КОНТИНУИРАНО*

**Опис на проектот:**

Целта на овој проект е да се промовира волонтерската активност/работа помеѓу младите луѓе во рамките на постојната законска регулатива. Тоа ќе се постигне преку низа активности со кои на младите ќе им бидат истакнувани предностите на волонтирањето.

**Образложение:**

За ветувањето не успеавме да најдеме информации на интернет, но затоа испративме барање за слободен пристап до информации до Град Скопје, на кое се уште немаме добиено одговор. Поради тоа, ова ветување не се оценува.

## 2. Проект: Работен инкубатор

*РОК: МАРТ 2010*

**Опис на проектот:**

Целта на овој проект е во насока на поддршка и развој на работните односи во помалите општини преку создавање работни можности за младите луѓе. Работниот инкубатор ќе овозможи целосна поддршка на новосоздадените фирми, како и на фирмите во развој, нудејќи им менаџерски, технички и советодавни услуги. Инкубаторот ќе биде во можност да опслужува 5 до 7 мали и средни претпријатија истовремено.

**Образложение:**

Од страна на градот Скопје ни беше одговорено дека досега не е формиран работен инкубатор. Ова ветување се оценува како неисполнето. [Ажурирано на: 22.03.2013]

**Оценка: Неисполнето**

## 3. Проект: Онлајн-центар за млади

*РОК: НОЕМВРИ 2009*

**Опис на проектот:**

Целта на овој проект е воспоставување соработка помеѓу младите луѓе од државата со луѓето кои живеат надвор од овие граници преку основање сервисен центар кој ќе има улога да ја зголеми соработката и размената на информации помеѓу младите луѓе од државата и оние кои живеат надвор од тие граници. Контактите ќе бидат воспоставени преку креирање на онлајн-база на податоци. Овој проект може да се состои и од други две компоненти: Првата компонента ќе ги содржи веќе споменатите податоци за младите и образовани кадри, која ќе

им помогне да се промовираат на пазарот на труд, со што значително ќе се намалат трошоците за барање на работа во самите фирми; Другата компонента ќе треба да им помогне на претприемачите, во огласувањата за слободни работни места и можностите за стажирање.

**Образложение:**
За ветувањето не успеавме да најдеме информации на интернет, но затоа испративме барање за слободен пристап до информации до Град Скопје, на кое се уште немаме добиено одговор. Поради тоа, ова ветување не се оценува.

## 4. Проект: Културно–едукативен и информативен сервис

*РОК: МАРТ 2010*

**Опис на проектот:**
Целта на овој проект е формирање Културно–информативен центар за младите во општини каде што недостасува тоа. Во повеќе општини евидентен е недостатокот од простор и можност за вонннаставно образование и спроведување на различни активности. Овој недостаток е причина за појавување на големи социјални проблеми кај населението како што се проблеми со дрогата, насилно однесување, алкохолизам итн.

**Образложение:**
Во одговорот на барањето за слободен пристап до информации, општината наведе дека вакви центри не се оформени.

**Оценка: Неисполнето**

## 5. Проект: Унапредување на здравствената култура на децата и младите со активирање на цивилните потенцијали на градот

*РОК: ЈУНИ 2010*

**Опис на проектот:**
Идната градска управа ќе основа постојани здравствени информативтивни центри. Тој центар би претставувал место на кое сите заинтересирани граѓани ќе можат да добијат основни, точни и благовремени информации од областа на примарното здравство. На тој начин ќе се унапреди заедничката грижа за децата и младите, која претставува и основна вредност за секоја заедница. Во рамките на овој проект, планирани се следните активности: а) Дефинирање на партнерите на терен и воспоставување на соработка со здравствените институции, со НВО–здруженијата од областа на здравството; б) Формирање тим; в) Инфраструктурна опрема; г) Спроведување кампања во единиците на локалната заедница.

**Образложение:**
За ветувањето не успеавме да најдеме информации на интернет, но затоа испративме барање за слободен пристап до информации до Град Скопје, на кое се уште немаме добиено одговор. Поради тоа, ова ветување не се оценува.

*Оценето од: Дејан Димитриевски и Наталија Пешиќ*

# XV. ОБРАЗОВАНИЕ

## 1. Проект: Градот ги стипендира најдобрите

*РОК: ЈАНУАРИ 2010*

### Опис на проектот:

Идната градска администрација предводена од ВМРО-ДПМНЕ, согласно со капацитетите, можностите и со потребите на единиците за локалната самоуправа во првата година од мандатот во соработка со приватниот сектор и странските донатори ќе основа фонд со кој секоја година ќе се стипендираат најдобрите ученици, средношколци и спортисти. Споменатото е во функција на натамошно јакнење на свеста кај граѓаните на локално ниво за значењето на образованието, но, исто така, и во насока на поттикнување на претприемачкиот дух и конкуренцијата, која секогаш раѓа нов квалитет.

### Образложение:

Според информациите добиени од Градот Скопје, во 2010 година од буџетот на градот не се одделени средства за стипендирање на најдобрите ученици, средношколци и спортисти**.**

**Оценка: Неисполнето**

## 2. Проект: Санација и модернизација на средните училишта во надлежност на градот Скопје

*РОК: 2009 – 2013*

### Опис на проектот:

Рехабилитација на зградите на постојните средни училишта во градот Скопје:
- РЕКОНСТРУКЦИЈА НА СРЕДНОТО УЧИЛИШТЕ „МИХАЈЛО ПУПИН“,
- РЕКОНСТРУКЦИЈА НА СРЕДНОТО УЧИЛИШТЕ „ЛАЗАР ЛИЧЕНОВСКИ“,
- РЕКОНСТРУКЦИЈА НА СРЕДНОТО УЧИЛИШТЕ „СВ. НАУМ ОХРИДСКИ“.

### Образложение:

За ветувањето не успеавме да најдеме информации на интернет, но затоа испративме барање за слободен пристап до информации до Град Скопје, на кое се уште немаме добиено одговор. Поради тоа, ова ветување не се оценува.

## 3. Проект: Изградба на средно училиште во општината Шуто Оризари

*РОК: ВО ТЕКОТ НА 2009 ГОДИНА*

### Опис на проектот:

Изградба на ново средно училиште во Шуто Оризари во соработка со Владата на Република Македонија.

*Оценето од: Дејан Димитриевски и Наталија Пешиќ*

**Образложение**:
Темелите на Средното училиште во населбата Шуто Оризари биле поставени во Февруари 2009 година. Во Април 2011 година се одржала донаторска конференција за донирање на средства за доизградба на ова средно училиште. Според информациите училиштето сеуште не е изградено.

**Линкови:**

- Камен темелник за средно училиште во Шуто Оризари
- Да се доизгради средното училиште во Шуто Оризари

**Оценка: Неисполнето**

## 4. Проект: Е-училишта

*РОК: 2011*

**Опис на проектот:**
Идната градска администрација предводена од ВМРО-ДПМНЕ во функција на натамошно осовременување на образованието, согласно со одделните потреби, можности и специфики, а врз основа на компаративните искуства во градовите на европските држави, до 2011 година ќе го реализира проектот Е-училишта. Преку овој проект ќе им се овозможи на граѓаните од своите компјутери преку Интернет-врска да имаат целосен увид во официјалните општи и статистички податоци кои се внесуваат за учениците и за училиштата, какви што се оценките на учениците, нивната редовност на часовите, други училишни активности на учениците, како и податоци за бројот на паралелките во училиштето, бројот на ангажираните наставници, проценти за бројот на учениците кои запишале односно одделение или клас и други податоци од таков тип.

**Образложение**:
Во 2011 година е реализиран проектот е-училишта кои е главно наменет за родителите кои преку истиот ќе можат да ги следат статистичките податоци на училиштата како и оцените на нивните деца, преку така наречениот е-дневник.

**Линкови:**

- Е-училиште
- Промоција на електронски дневник
- Промовиран проектот Електронски дневник
- Со е-дневникот оценките и неоправданите на тапет

**Оценка: Исполнето**

## 5. Проект: Е-уписи во училиштата

*РОК: 2011*

**Опис на проектот:**

Според примерот на развиените европски градови, идната градска администрација предводена од ВМРО-ДПМНЕ, преку реализацијата на овој проект ќе овозможи електронски увид во книгата на родени и книгата за добивање државјанство, со што ќе се замени непосредното поднесување на документи во училиштата, а родителите нема да има потреба да одат од институција до институција за да ги вадат овие документи. Исто така, пристап до овие податоци ќе има само посебно овластено лице кое при упис на децата во определено училиште ќе ги проверува основните податоци.

**Образложение**:

Нема информации дека овој проект е реализиран.

**Оценка: Неисполнето**

## 6. Проект: Спречување на насилството и унапредување на безбедноста во училиштата

*РОК: КОНТИНУИРАНО*

**Опис на проект:**

Унапредувањето на безбедноста во училиштата е приоритетна тема на програмата за воннаставни активности која е застапена преку повеќегодишни проекти. Имено, активностите за спречување на насилството во училиштата отпочнаа пред две години и се планира истите да продолжат и во наредните години. Целта е преку меѓуучилишното поврзување и соработка при третирањето на заеднички проблеми, како и со помош на стручна поддршка, училиштата да воспостават ефикасни механизми и процедури за справување со насилството. Со зајакнувањето на училишните заедници за справување со растечкиот проблем на насилството во училиштата, истовремено градот Скопје ќе демонстрира јасна и цврста политика на нетолерирање на насилството во училишните средини и политика на создавање безбедни училишта, како основен предуслов за раст и развој на секој ученик.

**Образложение:**

За ветувањето не успеавме да најдеме информации на интернет, но затоа испративме барање за слободен пристап до информации до Град Скопје, на кое се уште немаме добиено одговор. Поради тоа, ова ветување не се оценува.

## 7. Проект: Изработка на локална стратегија за развој на средното образование

*РОК: МАРТ 2010*

### Опис на проект:

Преку донесувањето на локалната стратегија за развој на средното образование ќе бидат утврдени приоритетните потреби на Градот во доменот на средното образование, потенцијалите за развој и менување на училиштата, расположливите ресурси на локалните средини за пружање поддршка на училиштата и ќе биде дефиниран акционен план на задачи потребни за остварување на зацртаните цели.

### Образложение:

Во одговорот на барањето за слободен пристап до информации, општината наведе дека конечната верзија од стратегијата е во изработка и се уште не е завршена.

**Оценка: Неисполнето**

## 8. Проект: Средношколците во унапредување на здравјето и животната средина

*РОК: КОНТИНУИРАНО*

### Опис на проектот:

Јакнење на јавната свест кај средношколците и пошироката јавност за личната одговорност во унапредувањето на здравјето и на животната средина. Активностите опфаќаат:
- организирање интерактивни и едукативни презентации во училиштата за ризиците по здравјето и здравата животна средина;
- организирање акции за надминување на конкретни еколошки проблеми во училишните средини и надвор од нив;
- формирање мрежа на поддршка во и меѓу училиштата од ученици, наставници и претставници на релевантни институции и органи на локалната власт за промоција на активности поврзани со зачувување на природата;
- изработка и промоција на едукативно-промотивен материјал од областа на екологијата и здравјето.

### Образложение:

Во склоп на училишните програми, учениците на територија на градот Скопје учествувале во повеќе акции за јакнење на свеста за личната одговорност во унапредувањето на здравјето и зачувувањето на чиста животна околина.

### Линкови:

- http://www.novamakedonija.com.mk/NewsDetal.asp?vest=11712951123&id=49&setIzdanie=22723
- http://www.novamakedonija.com.mk/NewsDetal.asp?vest=419121048294&id=14&setIzdanie=22559
- http://www.dnevnik.com.mk/default.asp?ItemID=395887ED94451441A0A038F708EF8618

*Оценето од: Дејан Димитриевски и Наталија Пешиќ*

- http://www.utrinski.com.mk/default.asp?ItemID=47FA0ED421D76A498D3784BD39B2F57E
- http://www.kanal5.com.mk/default.aspx?mId=37&eventId=61304

**Оценка: Исполнето**

## 9. Проект: Истражувачки студии за специфичните потреби на учениците

*РОК: КОНТИНУИРАНО*

**Опис на проектот:**
Истражувачките студии ќе бидат спроведени во насока на идентификување на специфичните потреби на учениците и наставниците врз основа на кои ќе се креираат заеднички и парцијални интервентни програми за работа во училиштата.

**Образложение:**
Ова ветување е оценето како Неконкретно заради тоа што во истото нема наведено кои ќе ги спроведе и финансира ваквите истражувачки студии, која ќе биде целта на истите, и на кој начин ќе се делува за да заклучоците од тие студии бидат ставени во пракса.

**Оценка: Неконкретно**

## 10. Проект: Програма за промоција на високи училишни постигнувања и поддршка на учесниците во државни и меѓународни натпревари и манифестации

*РОК: МАРТ 2010*

**Опис на проектот:**
- Афирмирање на знаењето и училишниот успех како врвна вредност и потврда за сигурен раст и развој на младиот човек;
- Промоција и приближување на резултатите од воспитно-образовната работа на училиштата до пошироката јавност;
- Поттикнување конструктивен натпревар меѓу учениците за постигнување на повисоки образовни цели и училишни постигнувања;
- Поттикнување на целата училишна заедница за учество во натпревари на знаења и промоција на сопствените резултати.

Образложение:
Во одговорот на барањето за слободен пристап до информации, општината наведе дека постои поддршка за училиштата да учествуваат на државни и меѓународни натпревари, но не ни испрати копија од Програмата за промоција на високи училишни постигнувања.

**Оценка: Делумно исполнето**

## 11. Проект: Програма за одбележување на значајни настани и личности во областа на образованието

*РОК: ДЕКЕМВРИ 2009*

**Опис на проектот:**

Промоција на важноста на образованието во секојдневниот живот и зацврстување на вредносниот систем во којшто образованието има клучна улога во себереализацијата на една млада личност.

**Образложение**:

Според информациите од отчетот на градоначалникот, Одбележувањето на значајните настани и личности во областа на образованието се реализира преку финансиската поддршка која градот Скопје ја дава на училиштата за прославување на патронатите  јубилеите на истите.

**Линкови:**

- http://www.skopje.gov.mk/userfiles/PROGRAMA%20NA%20OSTVARENI%20AKTIVNOSTI.pdf

**Оценка: Исполнето**

## 12. Проект: Активности во областа на меѓународната соработка

*РОК: КОНТИНУИРАНО*

**Опис на проектот:**

- Активностите за меѓународната соработка во областа на средното образование главно се насочени кон две стратешки цели;
- Интензивирање на соработката меѓу училиштата од збратимените градови;
- Поврзување на учениците и училиштата на Градот со училишта, институции и мрежи на меѓународни организации преку организирање и учество на натпревари, конкурси, манифестации кои имаат меѓународен карактер.

**Образложение:**

Според информациите од отчетот на градоначалникот, овој проект се работи во континуитет главно со промоција на првенците на генерацијата, учество на манифестацијата 'Парада на матурантите' и малите грантови кои  за поддршка на учениците и наставниците за учество на меѓународни манифестации и натпревари.

**Линкови:**

- http://www.skopje.gov.mk/userfiles/GRAD%20SKOPJE%20br_13%20MAK.pdf

**Оценка: Исполнето**

# XVII. СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА

## 1. Проект: Професионална ориентација

*РОК: 2010*

**Опис на проектот:**
По воспоставувањето на независноста на Македонија, економската транзиција, влијаеше огромен број до тогаш развиени градови да се соочат со економска и социјална стагнација, како резултат на пропаѓањето на големите производствени капацитети. Од тие причини, голем број населени места практично беа преполовиени, затоа што голем дел од работоспособното население, својот подобар живот го обезбедуваше напуштајќи ја земјава. Оттаму, идната градска администрација предводена од ВМРО-ДПМНЕ, преку имплементацијата на овој проект ќе настојува да влијае во насока на намалување на бројот на луѓето кои сакаат да ја напуштат својата држава. Тоа ќе се постигне преку формирање стручно советувалиште во општините за планирање на кариера. Претставници од ова советувалиште ќе бидат вклучени во изработката на образовните планови и програми.

**Образложение:**
Во одговорот на барањето за слободен пристап до информации, Општината наведе дека стручно советувалиште за планирање на кариера не постои.

**Оценка: Неисполнето**

## 2. Проект: Грижа за старите и социјално загрозените лица

*РОК: 2010*

**Опис на проектот:**
Сите сме свесни дека во нашата држава има многу стари лица препуштени самите на себе, а голем е бројот и на социјално загрозените лица.
Идејата на идната градска администрација предводена од ВМРО-ДПМНЕ е да воспостави „Социјална програма во основните училишта“, при што би биле повикувани старите лица, оние коишто сакаат да им раскажуваат на децата за старите времиња и занаетите коишто им биле основна дејност во старите времиња. Со тоа би се овозможило природно пријателство меѓу старите и младите. Исто така, потребно е да се отвори вебстраница на Интернет, на која сите граѓани ќе имаат можност да доставуваат понуди за работа кои ги извршуваат во своите домови (пример: пакување, украсување и сл.). Таквите понуди би се доставувале до социјално загрозените лица.

**Образложение:**
За ветувањето не успеавме да најдеме информации на интернет, но затоа испративме барање за слободен пристап до информации до Град Скопје, на кое се уште немаме добиено одговор. Поради тоа, ова ветување не се оценува.

*Оценето од: Дејан Димитриевски и Наталија Пешиќ*

## 3. Проект: Згрижување на бездомните лица

*РОК: 2010*

### Опис на проектот:

Дијагностицирање на моменталната ситуација во партнерство со градскиот Црвен крст, финансирање и управување со центрите за згрижување на бездомниците.
Образложение; Град Скопје ги помага активностите на Црвениот крст со околу 4,5 милиони денари на годишно ниво, а една од тие активности е организацијата и функционирањето на пунктот за бездомници Момин поток. Во базата на податоци на Црвениот крст регистрирани се 84 бездомни лица коишто двапати во неделата го посетуваат овој пункт. Пунктот за бездомници е отворен во понеделниците кога бездомниците добиваат хигиенски услуги и секој петок кога добиваат и чисти алишта, берберски услуги, лекарски преглед и неопходни лекарства, разговор и совети од психолог, оброк и топол напиток. Транспортот на корисниците на услуги на пунктот го обезбедува Црвениот крст и тоа од неколку локации во градот и по добиените услуги, бездомниците повторно се враќаат на истата локација.

### Линкови:

- http://tocka.com.mk/1/83252/trajanovski-gi-poseti-bezdomnite-lica-vo-momin-potok,
- http://www.time.mk/cluster/ac56cdcaf7/trajanovski-donirase-paketi-proizvodi-za-bezdomnite-lica.html
- http://www.skopje.gov.mk/ShowAnnouncements.aspx?ItemID=5573&mid=482&tabId=1&tabindex=0

**Оценка: Исполнето**

## 4. Проект: Грижа за стари и изнемоштени лица

*РОК: 2011*

### Опис на проектот:

Изградба на објекти од ваков вид во руралните и урбаните средини преку кои би се остварувала помош на старите лица, нивна нега и грижа.

### Образложение:

Ветувањето е оценето како неконкретно, бидејќи во проектот не се споменува за какви објекти станува збор, што тие објекти ќе понудат и на кој начин ќе се грижат за старите и изнемоштени лица, и со чии средства овие објекти ќе бидат изградени.

**Оценка: Неконкретно**

## 5. Проект: Отворање на клубови за пензионери во Скопје

*РОК: 2010*

**Опис на проектот:**

Со имплементација на овој проект, најстарите граѓани во Скопје ќе имаат можност да го исполнат слободното време со низа културно-забавни активности и содржини.

**Образложение**:

На 15.02. 2013 година е отворен петтиот клуб за пензионери на територијата на Град Скопје.

**Линкови:**

- http://www.vecer.com.mk/default.asp?ItemID=83537AE92F5AA04DAF525273531DD45B
- http://www.sitel.com.mk/otvoren-nov-klub-na-penzioneri-vo-opshtina-centar-0

**Оценка: Делумно исполнето**

## 6. Проект: Отворање на канцеларии за промоција на еднакви можности меѓу мажите и жените на локално ниво

*РОК: 2010*

**Опис на проектот:**

Отворање на информативни центри во месните заедници во кои ќе можат да се информираат граѓаните за еднаквите можности помеѓу мажите и жените, согласно со европските повелби за човекови права и еднаквост.

**Образложение:**

Во одговорот на барањето за слободен пристап до информации, општината наведе дека е донесена Стратегија за родова еднаквост на Град Скопје, но не наведуваат дека се отворени вакви центри.

**Оценка: Неисполнето**

## 7. Проект: Вработување на инвалидни лица во регистрирани локални заштитни претпријатија

*РОК: 2009 – 2012*

**Опис на проектот:**

Овозможување на услови за вработување на лицата со посебни потреби со цел остварување на нивното право за вработување и нивна инклузија во општествениот и социјалниот живот.

**Образложение:**

За ветувањето не успеавме да најдеме информации на интернет, но затоа испративме барање за слободен пристап до информации до Град Скопје, на кое се уште немаме добиено одговор. Поради тоа, ова ветување не се оценува.

**8. Проект: Стимулирање на локални претпријатија за регистрација во регистарот на заштитни претпријатија**

*РОК: 2010*

**Опис на проектот:**
Со конкретни мерки кои ќе произлезат од изработката на детална студија и анализа, ќе се овозможи стимулација на локални претпријатија истите да бидат регистрирани во Регистарот на заштитни претпријатија.

**Образложение:**
Од градот Скопје ни беше одговорено дека не е изработена таква студија, бидејќи градот нема обврска /задача за изготвување на таква студија. Според тоа, ова ветување воопшто не требало да влезе во изборната програма на градоначалникот. Ова ветување се оценува како недоследно.

**Оценка: Недоследно**

**9. Проект: Изградба на пристапни рампи до сите јавни објекти во Скопје**

*РОК: 2010 – 2012*

**Опис на проектот:**
Градот Скопје, во соработка со Владата на РМ, ќе овозможи имплементација на овој проект и ќе овозможи подобар пристап до сите институции и јавни места за лицата со посебни потреби.

**Образложение**:
Градот Скопје и Владата на РМ континуирано работата за исполнување на овој проект. Според отчетот на Градоначалникот, во 2010 година биле поставени 23 пристапни рампи во 5 културни институции и 12 средни училишта .Владата на РМ, во јануари 2011 година донела и акционен план за реализација на проектот за изградба на пристапни рампи во сите јавни објекти во градот Здружението за инвалидизирани лица на крајот на 2011 година апелирало до надлежните институции што подобро да го испланираат ставањето на овие рампи и тие освен на влезните врати да бидат достапни и меѓу катовите во институциите.

**Линкови:**

- http://www.skopje.gov.mk/userfiles/GRAD%20SKOPJE%20br_13%20MAK.pdf
- http://nkt.gov.mk/index.php?option=com_content&view=article&id=103:2011-01-21-10-58-12&catid=42:2011-01-12-21-28-36&Itemid=86
- http://novamakedonija.com.mk/NewsDetal.asp?vest=1141192539&id=14&setIzdanie=22422&utm_source=daily.mk

**Оценка: исполнето**

## 10. Проект: Отворање на советувалишта за превенција од дрога и други психотропни супстанции за учениците од средните училишта“

*РОК: МАРТ 2010*

**Опис на проектот:**

Преку формирање на локални центри за рехабилитација и ресоцијализација на лицата кои се зависници од дрога, градот ќе имплементира стратегија за намалување на бројот на лица кои се зависници и за нивно соодветно ресоцијализирање и враќање во општествениот живот. Имплементацијата на проектот ќе се изврши преку соработка со невладините организации кои функционираат во оваа област и странски фондации кои работат на полето на борба против болестите на зависност.

**Образложение:**

Првото советувалиште за превенција од дрога за учениците од средните училишта е отворено на 15.09.2012 година, во рамки на Амбулантата ’Водно’. Младински центар “Сакам да знам“, којшто има посебен влез и со својот амбиент не асоцира на здравствена институција со што овозможува клиентите да се чувствуваат побезбедно, комфорно и релаксирано.

**Линкови:**

- http://www.dnevnik.com.mk/default.asp?ItemID=D14BAF4940FAC24D80CE8B6DCE2DE916
- http://telma.com.mk/index.php?task=content&cat=1&rub=6&item=20058

**Оценка: Делумно исполнето**

## 11. Проект: Поставување на звучни семафори за слепите лица

*РОК: 2011*

**Опис на проектот:**

Градот Скопје во соработка со Владата на РМ ќе овозможи имплементација на овој проект, со што ќе ја зголеми безбедноста на слепите лица, а истовремено како учесници во сообраќајот ќе им овозможи и подобар пристап до сите институции и јавни места.

**Образложение:**

Првите звучни семафори на територијата на Градот Скопје се поставени во 2007 година. Во 2011 на предлог на Здружението на слепи лица, поставени се уште 20 семафори на територијата на град Скопје.

**Линкови:**

- http://www.vest.com.mk/default.asp?ItemID=F1C4732FB97DC14597836BD02F30E3D8&utm_source=daily.mk
- http://www.vecer.com.mk/?ItemID=A677927453A9604A9ED342684CB14A58
- http://www.dnevnik.com.mk/default.asp?ItemID=C340D3D93D893A45A678260873978403

**Оценка: исполнето**

*Оценето од: Дејан Димитриевски и Наталија Пешиќ*

### 12. Проект: Поддршка и помош на децата без родители

*РОК: 2010*

**Опис на проектот:**

Градот Скопје, ќе посвети поголемо внимание на децата без родители, преку вклучување на пазарот на труд, и поддршка каква во рамките и можностите на градот, ќе ги задоволува потребите за нивно нормално функционирање.

**Образложение**:

Ветувањето е оценето како неконкретно будејќи во истото не е конкретно образложено на кој начин  ќе се вклучат децата без родители на пазарот на труд и колкави и какви се можностите на делување на градот во тоа поле.

**Оценка: Неконкретно**

## XVIII. ПРОТИВПОЖАРНА ЗАШТИТА

### 1. Проект: Модернизација на противпожарната бригада

*РОК: КОНТИНУИРАНО*

**Опис на проектот:**

Обновување на техничките капацитети на противпожарната служба на градот Скопје и приближување на нејзината работа до граѓаните, комерцијализација на работењето, односно проширување на дејноста – сервисирање на противпожарни апарати, нудење на услуга за противпожарно обезбедување и противпожарна едукација. Медиумска кампања за работењето и услугите на противпожарната служба на градот Скопје.

**Образложение**:

Во 2010 година била набавена нова опрема на противпожарната бригада вна Градот Скопје. Градот Скопје за противпожарната бригада набавил нова специјална опрема и тоа: два спасувачки чамци со мотор, термокамера (единствена од овој тип во Р. Македонија), две теренски возила, заштитни противпожарни поткапи и ракавици според европските стандарди и летни униформи.

**Линкови:**

- http://www.build.mk/forum/forum_posts.asp?TID=404&PN=6
- http://www.skopje.gov.mk/ShowAnnouncements.aspx?ItemID=3907&mid=482&tabId=1&tabindex=0

**Оценка: Исполнето**

## 2. Проект: Достапност на противпожарната служба до сите граѓани на градот Скопје

*РОК: 2009 – 2012*

**Опис на проектот:**

Рамноправна достапност на противпожарната служба до сите граѓани на градот Скопје. Изградба и отварање на уште три противпожарни подцентри, противпожарни станици на територијата на градот Скопје и тоа во населбата Аеродром, како и на границата меѓу општините Чаир и Бутел.

**Образложение:**

Заклучно со дадениот рок, се уште не се изградени трите нови  противпожарни подцентри на територијата на градот Скопје.

**Оценка: Неисполнето**

## 3. Проект: Претквалификација за профилот пожарникар

*РОК: 2009 – 2012*

**Опис на проектот:**

Пополнување на единицата до систематизираниот број потребни вработени проследено со соодветна обука т.е. преквалификација за профилот пожарникар.

**Образложение**:

Според информациите од отчетот на градоначалникот, успешно е реализиран и во целост завршен проектот за изработка на програма за  преквалификација во профил пожарникар во рамки  на образовниот систем. Истата е спроведена во соработка со Бирото за развој  на образованието и СГСУ “ Марија Кири Склодовска“  и е верификувана од Министерството за образование и наука.

**Линк:**

- http://www.skopje.gov.mk/userfiles/PROGRAMA%20NA%20OSTVARENI%20AKTIVNOSTI.pdf

**Оценка: Исполнето**

## 4. Проект: Набавка на противпожарни возила

*РОК: 2009 – 2013*

**Опис на проектот:**

Набавка на противпожарни возила за интервенции во урбана средина и противпожарни возила за интервенции на отворен простор според општоприфатените европски стандарди за ваков вид опрема. За временски период од четири години се предвидува набавка на осум противпожарни возила, годишно по две, што е реално според буџетот на градот.

**Образложение:**
Во Мај 2011 година, Владата на РМ на градот СКопје му донирала 3 противпожарни возила, од кои едно е купено со средства од градскиот буџет, додека другите две се обезбедени од Владата..Според ветувањето, до 2013 година, градот скопје требал од својот буџет да набави 8 противпожарни возила.

**Линкови:**

- http://www.utrinski.com.mk/default.asp?ItemID=41EA47D59ED9544C8153656F6E56F5EA,
- http://www.kanal5.com.mk/default.aspx?mId=37&eventId=75388,

**Оценка: Неисполнето**

## 5. Проект: Санација на објекти

*РОК: 2010 – 2011*

**Опис на проектот:**
Овој проект опфаќа санација на објектите каде е сместена против-пожарната единица и подобрување на условите за престој на вработените.

**Образложение:**
Во текот на 2010 година направено е комплетно реновирање на дел од санитарните јазли, реновирање на дел од противпожарниот потцентар „Тафталиџе“, набавена е канцелариска опрема, мебел и постелнина за подобрување на условите во сместувачките капацитети, како и информатичка опрема за потребите на Бригадата.

**Линкови:**

- http://www.build.mk/forum/forum_posts.asp?TID=404&PN=6
- http://www.skopje.gov.mk/ShowAnnouncements.aspx?ItemID=3907&mid=482&tabId=1&tabindex=0

**Оценка: Исполнето**

## 6. Проект: Професионална обука

*РОК: 2009 – 2010*

**Опис на проектот:**

Обезбедување на професионална обука на вработените за специфични дејности и интервенции, преку изградба на метална полигон-кула и контејнер за симулација на пожари и увежбување на повратни удари.

**Образложение:**

За ветувањето не успеавме да најдеме информации на интернет, но затоа испративме барање за слободен пристап до информации до Град Скопје, на кое се уште немаме добиено одговор. Поради тоа, ова ветување не се оценува.

## 7. Проект: Промена на методологија на распределба на средствата за противпожарните единици

*РОК: 2009 – 2012*

**Опис на проектот:**

Промена на методологијата на распределба на средствата за противпожарните единици, надминувајќи го постојниот метод каде е единствен критериум бројот на жители на населеното место.

**Образложение:**

За ветувањето не успеавме да најдеме информации на интернет, но затоа испративме барање за слободен пристап до информации до Град Скопје, на кое се уште немаме добиено одговор. Поради тоа, ова ветување не се оценува.

## 8. Проект: Ангажирање на нови пожарникари

*РОК: 2009 – 2011*

**Опис на проектот:**

Се проценува дека на 2000 жители, според ЕУ, следува еден пожарникар. Со ангажирање на нови пожарникари, единицата ќе се екипира со млад кадар, со што ќе може брзо и навремено да одговори на барањата на граѓаните на градот Скопје.

**Образложение:**

Во Октомври 2011 година, во СГСУ Марија Кири- Склодовска биле обучени 25 нови пожарникари, кои по завршувањето на обуката се вработени како професионални пожарникари во Градот Скопје.

**Линкови:**

- http://www.plusinfo.mk/vest/21152/Kje-se-obuchat-25-novi-pozharnikari
- http://www.dnevnik.com.mk/print.asp?ItemID=A37D1EF7B1565C4AB9BB0879AAD61DB9

**Оценка: Исполнето**

*Оценето од: Дејан Димитриевски и Наталија Пешиќ*

# XIX. ИНФОРМАТИЧКА ТЕХНОЛОГИЈА И Е–УСЛУГИ

## 1. Проект: Развивање и имплементација на географски информативен систем (гис)

*РОК: СЕПТЕМВРИ 2011*

**Опис на проектот:**

Довршување на проектот РАЗВИВАЊЕ И ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ГЕОГРАФСКИ ИНФОРМАТИВЕН СИСТЕМ (ГИС). ГИС-системот на градот Скопје ќе обезбеди централизирано место за складирање на просторните податоци, подобрување на работните процеси во администрацијата на градот Скопје, размена на информации и соработка помеѓу институциите на локално и државно ниво и јавните и приватни претпријатија, изградба на подобра слика за градот Скопје и привлекување странски и домашни инвеститори.

ГИС-системот на градот Скопје ќе се интегрира во идната Национална инфраструктура на просторни податоци на Република Македонија (NSDI – RM).

**Образложение:**

Градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски во февруари 2011 година го промовираше Проектот за воведување на Географскиот информативен систем – ГИС. Овој систем, на граѓаните ќе им овозможи, преку употреба на веб-сервиси со пристап преку линкови поставени на официјалниот портал на Град Скопје, да имаат увид во класифицирани просторни податоци од повеќе области, како образование (основни и средни училишта, факултети и универзитети), култура, туризам, транспорт, дипломатски претставништва и сл., со кои располага централната геобаза на градот.

**Линкови:**

- http://www.kirilica.com.mk/vest.asp?id=63070
- http://www.time.mk/cluster/be541f7fa0/vo-skopje-voveden-geografski-informativen-sistem-gis.html

**Оценка: Исполнето**

## 2. Проект: Развој на е-услугите преку порталите на градот Скопје

*РОК: КОНТИНУИРАНО*

**Опис на проектот:**

Тековното функционирање на е-услугите на градот Скопје се одвива преку еднонасочна комуникација со можност за симнување информации и формулари од страна на граѓаните. Со воведување на двонасочна комуникација на е-услугите, граѓаните на градот Скопје ќе имаат можности за поднесување барања и предлози по електронски пат, да добиваат известувања за завршени предмети, парични трансакции, што ќе значи обезбедување на далеку подобра услуга кон граѓаните и бизнис-заедницата.

*Оценето од: Дејан Димитриевски и Наталија Пешиќ*

**Образложение:**
Преку е-услугите на градот Скопје, засега е можна само двонасочна комуникација со граѓаните во делот на поднесување на барања и предлози по електронски пат, како и добивање на информации за завршени предмети.

**Оценка: Делумно исполнето**

## 3. Проект: Дигитални сертификати за е-услуги

*РОК: НОЕМВРИ 2009*

**Опис на проектот:**
Со воведување на дигитални сертификати на е-сервиси ќе се овозможи сигурен пристап на граѓаните и бизнис-заедницата кон порталите на градот Скопје, кој нема да ја нарушува нивната приватност и ќе гарантира точност и сигурност на дадените податоци, особено кога се потребни одредени финансиски трансакции по електронски пат.

**Образложение:**
За ветувањето не успеавме да најдеме информации на интернет, но затоа испративме барање за слободен пристап до информации до Град Скопје, на кое се уште немаме добиено одговор. Поради тоа, ова ветување не се оценува.

## 4. Проект: Планирање, следење и контрола на буџетот на градот Скопје

*РОК: ДЕКЕМВРИ 2009*

**Опис на проектот:**
Имплементација на апликација за планирање, следење и контрола на буџетот на градот Скопје, јавните претпријатија и останатите субјекти основани и/или контролирани од градот Скопје. Менаџментот на градот Скопје ќе има моментален преглед на приходната и расходната страна на буџетот на градот Скопје.

**Образложение:**
Од страна на градот Скопје ни беше одговорено дека не се користи ваков вид на апликација за планирање, следење и контрола на буџетот на градот Скопје, јавните претпријатија и останатите субјекти основани и/или контролирани од градот Скопје. Ова ветување се оценува како неисполнето. [Ажурирано на: 22.03.2013]

**Оценка: Неисполнето**

## 5. Проект: Е-совет – втора фаза

*РОК: 2009*

**Опис на проектот:**

Со имплементација на втората фаза на Е-совет ќе се овозможи електронско функционирање и гласање во Советот на град Скопје што ќе се овозможи преку употреба на дигитални сертификати на членовите на советот, безжична компјутерска мрежа и изработка на потребните софтверски апликации базирани на веб. Со ова ќе се зголеми транспарентноста во работата на Советот на град Скопје и ќе се подобри комуникацијата со граѓаните и јавноста.

**Образложение:**

Од одговорот добиено од општината гласањето на советот се одвива со кревање на рака, а не со електронски систем,

**Оценка: Неисполнето**

## 6. Проект: Систем за управување со документи

*РОК: АПРИЛ 2010*

**Опис на проектот:**

Имплементацијата на системот за ефикасно и ефективно дигитално управување на работата со документи, нивна обработка и зачувување во електронска форма е неопходна потреба за подобрување на ефикасноста на јавната администрација на градот Скопје.

**Образложение**:

Од информациите добиени од Град Скопје, воведувањето на системот за ефикасно и ефективно управување на работата со документи, нивна обработка и зачувување во електронска форма е започнато на 02.01.2013, со овозможување на целосна функционалност до крајот на 2013.

**Оценка: Делумно исполнето**

## 7. Проект: Поставување на бесплатни интернет-точки

*РОК: 2010*

**Опис на проектот:**

Поставување на бесплатни Интернет-точки во Градскиот парк, Жена-парк и на Плоштадот. Со овој проект се предвидува покривање на парковите и плоштадите со бесплатен безжичен Интернет-пристап, сè со цел развој на е-општество.

**Образложение**:

Бесплатни интернет точки се поставени во Градскиот парк, Жена парк и на Плоштадот.

**Линкови:**

- http://www.skopje.gov.mk/userfiles/GRAD%20SKOPJE%20br_13%20MAK.pdf

**Оценка: Исполнето**

*Оценето од: Дејан Димитриевски и Наталија Пешиќ*

### 8. Проект: Отворање на градски интернет-клубови

*РОК: 2010*

**Опис на проектот:**

Градот Скопје со овој проект има за цел да им обезбеди можност за е-пристап преку кој ќе ги едуцира сите граѓани во духот на информациските технологии, во согласност со модерниот начин на живот.

**Образложение**:

Град Скопје нема отворено свои бесплатни интернет клубови.

**Оценка: Неисполнето**

## XX. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

### 1. Проект: активности на градот Скопје во меѓународни организации, асоцијации и мрежи на градови

*РОК: КОНТИНУИРАНО*

**Опис на проектот:**

Градот Скопје активно ќе работи на јакнење на положбата и улогата во сите меѓународни организации, асоцијации и мрежи на градови, а особено во оние во кои членува, и тоа: Унијата на главните градови на земјите на Централна и Југоисточна Европа (UCSEEC), Мрежата на поголемите балкански градови (BALCINET), Асоцијацијата на метрополите на франкофонијата (AIMF), Мрежата на мултиетнички градови (PHILIA), Мрежата на поголемите европски градови (Eurocities) и Мрежата на енергетски градови (Energie cities). Преку јакнење на пријателството и соработката со останатите градови ќе се користат позитивните искуства и методите knowhow, ќе се оствари размена на искуства и технологии и ќе се преземат активности за отварање дијалог со институциите на ЕУ за сите аспекти кои имаат влијание врз градовите и нивните граѓани. Исто така, ќе се преземат активности за зачленување во други меѓународни организации, асоцијации и мрежи на градови.

**Образложение:**

Според отчетот на градоначалникот, градот Скопје тековно го реализира овој проект со тоа што зема учество на меѓународни конференции и активно членува во неколку асоцијации на градови .

**Линк:**

- http://www.skopje.gov.mk/userfiles/PROGRAMA%20NA%20OSTVARENI%20AKTIVNOSTI.pdf

**Оценка: Исполнето**

## 2. Проект: Активности на градот Скопје со збратимените градови

*РОК: КОНТИНУИРАНО*

**Опис на проектот:**

Градот Скопје активно ќе работи на јакнење на соработката со збратимените градови со цел да се користат и да се разменуваат позитивните искуства и методите know-how преку:
- соработка со градоначалници и градски совети;
- соработка со јавна администрација;
- соработка со јавни претпријатија;
- соработка на економско-трговски план.

Исто така ќе се организираат бројни проекти кои ќе покриваат различни области.

**Образложение**:

Според отчетот на Градоначалникот, Градот Скопје во последните 4 години остварил низа на средби и проекти заедно со збратимените градови.

**Линк**:

http://www.skopje.gov.mk/userfiles/PROGRAMA%20NA%20OSTVARENI%20AKTIVNOSTI.pdf

**Оценка: Исполнето**

## 3. Проект: Останати активности на градот Скопје во меѓународната соработка

*РОК: КОНТИНУИРАНО*

**Опис на проектот:**

Градот Скопје активно и серизно ќе презема активности за соработка со останатите градови преку договори за збратимување,протоколи/програми/меморандуми за соработка и воспоставување контакти. Исто така, градот Скопје активно и серизно ќе презема активности за соработка со странските амбасади и конзуларните претставништа со цел да ја поттикне меѓународната соработка, како и соработката со македонските амбасади и конзуларните претставништа со цел да изврши промоција на вредностите и можностите на градот Скопје.

**Образложение:**

Според информациите од отчетот, во текот на мандатот, градот Скопје имал низа активности за подобрување и проширување на меѓународната соработка. Заедно со Загреб, Сараево и Подгорица е покрената иницијатива за проектот “Зајакнување на капацитетите за ефикасно управување со енергијата на градовите“. Потпишан е договорот за учество на градот во реализација на проектот NICHE+( за проект за промоција на иновативни мерки за поефикасен и одржлив урбан транспорт во градовите.Понатака, превземени се активности за јакнење на соработката со градовите Загреб, Белград и Софија.

**Линк:**

- http://www.skopje.gov.mk/userfiles/PROGRAMA%20NA%20OSTVARENI%20AKTIVNOSTI.pdf

**Оценка: Исполнето**

*Оценето од: Дејан Димитриевски и Наталија Пешиќ*

### 4. Проект: Канцеларија на градот Скопје во Брисел

*РОК: 2010*

**Опис на проектот:**
Во соработка со Владата на РМ и ЗЕЛС, градот Скопје ќе отвори канцеларија во Брисел. Целта на оваа канцеларија е нашиот кандидатскиот статус за големото европско семејство, а истовремено и поефикасна и подостапна соработка и пристап до европските претпристапни фондови и членките на ЕУ.

**Образложение**:
На 28 Октормври 2010 година во Брисел е отворена канцеларијата на ЗЕЛС и Град Скопје.

**Линк:**
- http://www.inpress.com.mk/default.asp?ItemID=BCBC749CCCA86C4AABE7ED32FCC2FC63,
- http://www.ereporter.com.mk/mk-mk/Details.aspx?Title=14137,
- http://www.dnevnik.com.mk/default.asp?ItemID=D8972E22CC712B4D8903C083DC84C525

**Оценка: Исполнето**

## XXI. СОРАБОТКА СО ЦИВИЛНИОТ СЕКТОР

### 1. Проект: Посебен фонд за финансирање на проектите на НВО

*РОК: 2010*

**Опис на проектот:**
Формирање посебен фонд за финансирање и поддршка на проектите на НВО-секторот. Овој фонд ќе биде основа за сите проекти кои ќе ги спроведува НВО-секторот во соработка со градот Скопје.

**Образложение:**
Според отчетот на градоначалникот Коце Трајановски за сработеното во првата година од неговиот мандат, Градот Скопје во 2009 година објавил јавен повик за финансирање на програмските активности на здруженијата на граѓани и фондации, и во рамки на истиот биле поддржани 16 здруженија.

**Линк:**
- http://www.skopje.gov.mk/userfiles/PROGRAMA%20NA%20OSTVARENI%20AKTIVNOSTI.pdf

**Оценка: Делумно исполнето**

### 2. Проект: Формирање на НВО-центар

*РОК: 2010*

**Опис на проектот:**

Градот Скопје ќе обезбеди соодветен простор за развој на НВО-секторот.

**Образложение**:

Во просториите на Малдинскиот Културен центар , Градот СКопје во 2010 год, отвори НВО центар и го промовираше порталот http://www.skopje.gov.mk/nvo/.

**Линкови**:

- http://www.skopje.gov.mk/nvo/
- http://www.skopje.gov.mk/userfiles/GRAD%20SKOPJE%20br_13%20MAK.pdf
- http://republika.mk/?p=13969

**Оценка: Исполнето**

# XXII. ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР

### 1. Проект: Засилување на сообраќајната контрола

*РОК: 2009 – 2010*

**Опис на проектот:**

Со цел да се воспостави ред во сообраќајниот хаос, особено во нелегалниот такси-превоз, согласно со закон, градот Скопје ќе вработи нови сообраќајни инспектори по пат на јавен конкурс. Согласно со членот 87 став 3 од Законот за превоз во патниот сообраќај (Службен весник на Република Македонија, број 68 од 05.10.2004 година), инспекцискиот надзор над примената на одредбите на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон што се однесуваат на општинскиот превоз на патници, автомобилскиот такси-превоз на патници и на посебниот линиски превоз на патници што се врши на подрачјето на градот Скопје, го вршат овластени инспектори за патен сообраќај на градот Скопје.

**Образложение:**

За ветувањето не успеавме да најдеме информации на интернет, но затоа испративме барање за слободен пристап до информации до Град Скопје, на кое се уште немаме добиено одговор. Поради тоа, ова ветување не се оценува.

## 2. Проект: Зајакнување на капацитетите на градските инспектори за животна средина

*РОК: 2009 – 2013*

### Опис на проектот:

Овој проект е во насока на институционално зајакнување, со нови овластени инспектори за животна средина, како и спроведување на соодветна обука на администрацијата, а со цел заштита на животната средина.

Образложение:

Во одговорот на барањето за слободен пристап до информации, општината наведе дека нема примено нови инспектори за животна средина

**Оценка: Неисполнето**

## 3. Проект: Зајакнување на капацитетот на комуналниот инспекторат во градот

*РОК: 2009 – 2010*

### Опис на проектот:

За подигнување на нивото на јавната хигиена во градот Скопје ќе бидат вработени нови комунални редари и инспектори по пат на јавен конкурс. Согласно со Законот за јавна чистота, спроведувањето на овој закон треба да го прават градскиот комунален инспектор, односно комуналниот инспектор на градот Скопје кои треба да проверуваат и да ги санкционираат сите оние што го прекршуваат овој закон. Со тоа би се подигнал степенот на јавна чистота во градот Скопје.

### Образложение:

За ветувањето не успеавме да најдеме информации на интернет, но затоа испративме барање за слободен пристап до информации до Град Скопје, на кое се уште немаме добиено одговор. Поради тоа, ова ветување не се оценува.